Директива 2004/18/ЕЗ на Европскиот парламент и на Советот

од 31 март 2004 година

за усогласување на постапките за доделување договори за јавни работи, договори за јавни добра и договори за јавни услуги

ЕВРОПСКИОТ ПАРЛАМЕНТ И СОВЕТОТ НА ЕВРОПСКАТА УНИЈА,

имајќи го предвид Договорот за основање на Европската заедница, а особено член 47(2) и член 55 и член 95 од него,

имајќи го предвид предлогот на Комисијата[1],

имајќи го предвид мислењето на Економско-социјалниот комитет[2],

имајќи го предвид мислењето на Комитетот на регионите[3],

постапувајќи во согласност со постапката утврдена со член 251 од Договорот[4], во смисла на интегралниот текст одобрен од Комитетот за усогласување на 9 декември 2003 година,

со оглед на тоа што:

(1) По повод новите измени и дополнувања на директивите на Советот 92/50/ЕЕЗ од 18 јуни 1992 година за усогласување на постапките за доделување договори за јавни услуги[5], 93/36/ЕЕЗ од 14 јуни 1993 година со која се усогласуваат постапките за доделување договори за јавни добра[6] и 93/37/ЕЕЗ од 14 јуни 1993 година во врска со усогласувањето на договорите за доделување договори за јавни работи[7], потребни за да се исполнат барањата за поедноставување и осовременување поставени од договорните органи и економските оператори слично како и нивните реакции на Зелената книга, донесена од Комисијата на 27 ноември 1996 година, во интерес на разјаснување, треба да се преформулираат директивите. Оваа директива се заснова на прецедентното право на Судот на правдата, особено прецедентното право за критириумите за доделување, со кое се разјаснуваат можностите за договорните органи да ги задоволат потребите на соодветната јавност, вклучувајќи ги и оние од областа на животната средина и/или социјалната сфера, под услов таквите критериуми да се поврзани со предметот на договорот, да не даваат неограничена слобода на избор на договорниот орган, категорично да се наведени и да се во согласност со основните принципи споменати во прелиминарното излагање 2.

(2) Доделувањето договори склучени во земјите-членки во име на државата, регионални или локални органи и други тела со кои управуваат јавни правни лица е предмет на почитувањето на принципите на Договорот, а особено на принципот на слободно движење на добра, принципот на слободно основање и принципот на слободно обезбедување услуги и на принципите што произлегуваат од нив, како што се принципот на еднаков третман, принципот на недискриминација, принципот на заемно признавање, принципот на пропорционалност и принципот на транспарентност. Меѓутоа, за јавни договори над одредена вредност, препорачливо е да се состават одредби за усогласување на ниво на Заедницата на националните постапки за доделување вакви договори кои се засновани на овие принципи за да се осигурат ефектите од нив и за да се гарантира отворањето на јавните набавки за конкуренцијата. Затоа овие одредби за усогласување се толкуваат во согласност и со гореспоменатите правила и со принципите, како и со другите правила од Договорот.

---

[1] Сл. весник С 29 Е, 30.1.2001 год., стр. 11 и Сл. весник С 203 Е, 27.8.2002 год., стр. 210.
[2] Сл. весник С 193, 10.7.2001 год., стр. 6.
[3] Сл. весник С 144, 16.5.2001 год., стр. 23.
[4] Мислење на Европскиот парламент од 17 јануари 2002 год. (Сл. весник С 271 Е, 7.11.2002 год., стр. 176), Заеднички став на Советот од 20 март 2003 година (Сл. весник С 147 Е, 24.6.2003 год., стр. 1) и Став на Европскиот парламент од 2 јули 2003 година (сè уште неиздадена во Службен весник). Законска резолуција на Европскиот парламент од 29 јануари 2004 година и Одлука на Советот од 2 февруари 2004 година.
[5] Сл. весник L 209, 24.7.1992 год., стр. 1. Директива последно изменета со Директива 2001/78/ЕЗ на Комисијата (Сл. весник L 285, 29.10.2001 год., стр. 37).
[6] Сл. весник L 199,9.8.1993 год., стр. 1. Директива последно изменета со Директива 2001/78/ЕЗ на Комисијата.
[7] Сл. весник L 199, 9.8.1993 год., стр. 54. Директива последно изменета со Директива 2001/78/ЕЗ на Комисијата.

(3) Таквите одредби за усогласување треба да ги почитуваат колку што е можно повеќе моменталните постапки и практики во секоја од земјите-членки.

(4) Земјите-членки осигуруваат дека учеството на тело регулирано со јавното право како понудувач во постапка за доделување јавен договор не предизвикува нарушување на конкуренцијата во однос на приватните понудувачи.

(5) Според член 6 од Договорот, барањата за заштита на животната средина треба да се интегрираат во дефинирањето и спроведувањето на политиките и активностите на Заедницата споменати во член 3 од Договорот, а особено со цел поттикнување одржлив развој. Затоа оваа директива разјаснува како договорните органи можат да придонесат кон заштитата на животната средина и поттикнувањето одржлив развој, притоа осигурувајќи ја можноста за добивање на најдобрата вредност за парите за нивните договори.

(6) Ништо во оваа директива не попречува примена или спроведување мерки потребни за заштита на јавната политика, јавниот морал, јавната безбедност, здравјето, животот на луѓето и животните или заштитата на здравјето на растенијата, особено во смисла на одржливиот развој, под услов овие мерки да се во согласност со Договорот.

(7) Одлуката на Советот 94/800/ЕЗ од 22 декември 1994 година, која се однесува на заклучокот во име на Европската заедница, во врска со прашања во нејзина надлежност, од спогодбите постигнати на Уругвајската рунда на мултилатерални преговори (од 1986 година до 1994 година),[8] ја одобрува особено Спогодбата на СТО за владини набавки, во понатамошниот текст ‘Спогодба’, чија цел е да воспостави мултилатерална рамка на урамнотежени права и обврски во врска со јавните договори со цел постигнување либерализација и експанзија на светската трговија.

Со оглед на меѓународните права и обврски пренесени на Заедницата како резултат на прифаќањето на Спогодбата, аранжманите кои треба да се применат на понудувачите и производите од трети земји-потписнички се оние дефинирани во Спогодбата. Оваа спогодба нема директен ефект. Договорните органи опфатени со Спогодбата кои ја почитуваат оваа директива и кои ја применуваат на економски оператори од трети земји- потписнички на Спогодбата, според тоа, треба да ја почитуваат и Спогодбата. Исто така, соодветно е дека тие одредби за усогласување треба за економските оператори од Заедницата да гарантираат услови за учество во јавни набавки, кои се исто толку поволни колку и оние кон кои се придржуваат економски опеартори од трети земји-потписнички на Спогодбата.

(8) Пред поведување постапка за доделување договор, договорните органи, користејќи технички дијалог, можат да побараат или прифатат совет што би можел да се користи при подготовката на спецификациите, меѓутоа под услов таквиот совет да нема ефект на спречување на конкуренцијата.

(9) Со оглед на различноста на договорите за јавни работи, договорните органи треба да бидат во состојба да составуваат одредби за договори за идејното решение и извршувањето на работата да бидат доделувани или одвоено или заедно. Намерата на оваа директива не е да пропишува било заедничко било одвоено доделување договори. Одлуката да се доделуваат договори одвоено или заедно мора да биде утврдена од квалитативни и економски критериуми, кои може да бидат дефинирани со националното право.

(10) Договор ќе се смета за договор за јавни работи само ако неговиот предмет категорично го опфаќа извршувањето на активностите наброени во Анкес I, дури и ако договорот опфаќа промет со други услуги потребни за извршувањето на тие активности. Договори за јавни услуги, особено во сферата на услуги за управување со имоти, можат во одредени околности да вклучуваат изведување на работи. Меѓутоа, доколку работите се споредни во однос на главниот предмет на договорот и претставуваат можна последица од него или негово дополнување, фактот дека таквите работи се вклучени во договорот не го оправдува оквалификувањето на договорот како договор за јавни работи.

(11) Треба да се пропише дефиниција на Заедницата за рамковни спогодби, заедно со посебни правила за рамковни спогодби склучени за договори што спаѓаат во опфатот на оваа директива.

---

[8] Сл. весник L 336, 23.12.1994 год., стр. 1.

Според тие правила, кога договорен орган влегува во рамковна спогодба во согласност со одредбите од оваа директива кои се однесуваат особено на објавување, временски рокови и услови за поднесување понуди, тој може да влезе во договори што се засноваат на таква рамковна спогодба во текот на нејзиниот рок на важност и тоа или по пат на примена на роковите изложени во рамковната спогодба или, доколку сите рокови не се однапред определени во рамковната спогодба, по пат на повторно отворање конкурс помеѓу страните во рамковната спогодба во однос на тие рокови. Повторното отворање конкурс треба да исполнува одредени правила, чија цел е да се гарантира потребната еластичност и да се гарантира почитувањето на општите принципи, а особено на принципот на еднаков третман. Од истите причини, рокот на рамковните спогодби не треба да надминува четири години, освен во случаи кои договорните органи целосно ќе ги оправдаат.

(12) Постојано се развиваат одредени нови техники за електронско купување. Таквите техники помагаат да се зголеми конкуренцијата и да се поедностави јавното купување, особено во смисла на заштеди на време и пари што ќе ги овозможи нивната примена. Договорните органи може да ги применуваат техниките за електронско купување, под услов таквата примена да ги почитува законите изготвени според оваа директива и принципите за еднаков третман, недискриминација и транспарентност. Во таа смисла, понуда поднесена од понудувач, особено кога повторно е отворен конкурс согласно со рамковна спогодба или кога се применува систем за динамично купување, може да има форма на електронски каталог на тој понудувач доколку тој ги користи средствата за комуникација избрани од договорниот орган во согласност со член 42.

(13) Со оглед на брзата експанзија на системите за електронско купување, сега треба да се воведат соодветни прописи за да им се овозможи на договорните органи целосно да ги искористат можностите што ги нудат овие системи. Во вакви околности, неопходно е да се дефинира целосно електронски систем за динамично купување за вообичаено користени набавки и да се донесат посебни закони за поставување и работа на таков систем со цел да се осигура праведен третман на секој економски оператор што сака да учествува во него. На секој економски оператор што поднесува индикативна понуда во согласност со спецификацијата и ги исполнува критериумите за избор ќе му биде дозволено да се прилкучи во тој систем. Оваа техника на купување, преку воспоставувањето список на веќе избрани понудувачи и можноста дадена на нови понудувачи да учествуваат, му овозможува на договорниот орган да има особено широк опсег на понудувачи како резултат на достапните електронски средства и оттука да обезбедат оптимално користење на јавните средства преку силна конкуренција.

(14) Бидејќи примената на техниката на електронски аукции веројатно ќе расте, на овие аукции треба да им се даде дефиниција на Заедницата и треба да се уредат со посебни закони со цел да се осигура дека тие функционираат во целосна согласност со принципите на еднаков третман, недискриминација и транспарентност. За таа цел, треба да се донесе одредба таквите електронски аукции да се однесуваат само на договори за работи, добра и услуги за кои може прецизно да се утврдат спецификациите. Таков може да биде случајот особено со повеќекратни договори за добра, работи и услуги. За истата цел, исто така, мора да се овозможи да се воспостави респективно рангирање на понудувачите во секоја фаза од електронската аукција. Прибегнувањето кон електронски аукции им овозможува на договорните органи да бараат од понудувачите да поднесуваат нови цени, да ги коригираат надолу, а кога договорот е доделен на економски најповолната понуда, исто така, да подобруваат други елементи во понудите, освен цените. Со цел да обезбеди усогласеност со принципот на транспарентност, само елементите погодни за автоматско оценување со електронски средства, без некаква интервенција и/или оцена од договорнниот орган, можат да бидат предмет на електронски аукции, односно само елементите што се мерливи така што тие можат да се изразат во бројки или проценти. Од друга страна, оние аспекти на понудите што подразбираат оценување немерливи елементи не треба да бидат предмет на електронски аукции. Соодветно на тоа, одредени договори за работа и одредени договори за услуги чии предмет се интелектуални дела, како што се идејни решенија за работи, не треба да бидат предмет на електронски аукции.

(15) Во земјите-членки се развиени одредени техники за централизирано купување. Неколку договорни органи се одговорни да вршат набавки или да доделуваат јавни договори/рамковни спогодби за други договорни органи. Во врска со големи набавки, тие техники помагаат да се

зголеми конкуренцијата и да се поедностават јавните набавки. Според тоа, треба да се пропише дефиниција во рамките на Заедницата за централни тела за купување кои ги користат договорните органи. Исто така, треба да се пропише дефиниција за условите под кои, во согласност со принципите за недискриминација и еднаков третман, договорните органи кои набавуваат работи, добра и/или услуги преку централно тело за купување може да се сметаат дека се усогласени со оваа директива.

(16) Со цел да се земат предвид различните услови кои постојат во земјите-членки, треба да им се дозволи да изберат дали договорните органи можат да применуваат рамковни спогодби, тела за централно купување, системи за динамично купување, електорнски аукции или постапките за конкурентен дијалог, како што се дефинирани и регулирани со оваа директива.

(17) Зголемувањето на бројот на прагови за применување на одредбите за усогласување ги усложнува работите за договорните органи. Покрај тоа, во контекст на монетарната унија, тие прагови треба да се воспостават во евра. Соодветно на тоа, треба да се постават прагови во евра на начин со кој ќе се поедностави примената на тие одредби, а истовремено ќе се осигура усогласеност со праговите предвидени со Договорот кои се изразени во специјални права на влечење. Во овој контекст, исто така, треба да се состави одредба за периодично прегледување на праговите изразени во евра за да се приспособат во насока на можните варијации во вредноста на еврото во однос на специјалните права на влечење.

(18) Полето на услуги е најдобро опишано, за целта на применување на процедуралните правила на оваа директива и за целите на контрола, по пат на понатамошна поделба на категории што одговараат на посебни наслови во општата класификација и сведувајќи ги во два анекса, II А и II Б, според режимот на кои подлежат. Во поглед на услугите во Анекс II Б, релевантните одредби од оваа директива нема да ја попречуваат примената на прописите на Заедницата специфични за предметните услуги.

(19) Во поглед на договори за јавни услуги, во преоден период, ќе се ограничи целосната примена на оваа директива на договори во кои нивните одредби ќе дозволуваат да се реализира целиот потенцијал за зголемена прекугранична трговија. Договорите за други услуги треба да се следат во текот на овој преоден период пред да се донесе одлука за целосната примена на оваа директива. Во тој поглед, треба да се дефинира механизмот за таквото следење. Овој механизам треба во исто време да им овозможи на заинтересираните страни да имаат пристап до релевантните информации.

(20) Јавни договори што се доделени од договорни органи кои работат во секторите за води, енергија, транспорт и за поштенски услуги и кои спаѓаат во опфатот на тие активности се опфатени со Директива 2004/17/ЕЗ на Европскиот парламент и на Советот од 31 март 2004 година со која се усогласуваат постапките за набавки за субјекти кои работат во секторите за води, енергија, транспорт и поштенски услуги.[9] Меѓутоа, договори доделени од договорни органи во контекстот на нивните услужни активности за поморски, крајбрежен и речен транспорт мора да потпаднат во опфатот на оваа директива.

(21) Со оглед на состојбата на ефективна пазарна конкуренција во секторот на телекомуникации по спроведувањето на прописите на Заедницата насочени кон либерализација на тој сектор, јавни договори во таа област ќе бидат изземени од опфатот на оваа директива сè додека нивна основна намера е да им овозможат на договорните органи да остваруваат одредени активности во секторот за телекомуникации. Тие активности се дефинирани во согласност со дефинициите искоритени во членовите 1, 2 и 8 од Директива 93/38/ЕЕЗ на Советот од 14 јуни 1993 година со која се усогласуваат постапките за набавки на субјекти кои работат во секторот за води, енергија, транспорт и за телекомуникации,[10] така што оваа директива не се применува на договори кои се изземени од опфатот на Директива 93/38/ЕЕЗ согласно со член 8 од неа.

(22) Треба да се состави одредба за случаи во кои е можно воздржување од примена на мерките за усогласување на постапките врз основи поврзани со државна безбеденост или тајна, или поради

---

[9] Види стр. 1 од овој Службен весник.

[10] Сл. весник L 199, 9.8.1993 год., стр. 84. Директива последно изменета со Директива 2001/78/ЕЗ на Комисијата (Сл. весник L 285, 29.10.2001 год., стр. 1).

тоа што се применуваат посебни прописи за доделување договори што произлегуваат од меѓународни спогодби кои се однесуваат на стационирање на трупи или кои се специфични за меѓународни организации.

(23) Согласно со член 163 од Договорот, поттикнувањето на истражување и технолошки развој се начини за зајакнување на научната и технолошката основа на индустријата на Заедницата и отворањето договори за јавни услуги придонесува кон таа цел. Оваа директива не го опфаќа кофинансирањето на програмите за истражување и развој: според тоа, договори за истражување и развој освен оние каде што користите се акумулираат исклучиво за договорниот орган за негово користење во извршувањето на неговите работи, под услов услугата што е извршена да биде целосно наградена од страна на договорниот орган, не се опфатени со оваа директива.

(24) Во контекст на услугите, договори за стекнување или најмување недвижен имот или права на таков имот имаат посебни карактеристики поради кои примената на законите за јавни набавки е несоодветна.

(25) Доделувањето јавни договори за одредени аудиовизуелни услуги на полето на радиодифузијата треба да дозволува да се земаат предвид аспекти од културно или од општествено значење кои ја прават несоодветна примената на законите за набавки. Поради овие причини, мора да се направи исклучок за договори за јавни услуги за купување, развој, продукција и за копродукција на програми кои се во употреба и други подготвителни услуги, како оние што се однесуваат на сценарија или уметнички изведби потребни за продукцијата на програмата и договори во врска со времињата на емитување. Сепак, овој исклучок не треба да се применува на снабдувањето со техничка опрема неопходна за продукција, копродукција и емитување на тие програми. Емитувањето треба да се дефинира како пренос и дистрибуција со употреба на каква било форма на електронска мрежа.

(26) Услуги на арбитража и порамнување обично даваат тела или поединци кои се одредени или избрани на таков начин што не може да биде регулиран со законите за набавки;

(27) Во согласност со Договорот, финансиските услуги опфатени со оваа директива не вклучуваат инструменти на монетарната политика, девизни курсеви, јавен долг, управување со резерви или други политики кои вклучуваат трансакции во хартии од вредност или други финансиски инструменти, а особено трансакции на договорните органи за собирање парични средства или капитал. Според тоа, не се опфатени договори за емисија, купување, продажба или за трансфер на хартии од вредност или други финансиски инструменти; Услугите на централната банка, исто така, се изземени.

(28) Вработувањето и занимањето се клучни елементи во гарантирањето еднакви можности за сите и придонесуваат кон интеграција во општеството. Во овој контекст, заштитени работилници и заштитни програми за вработување ефикасно придонесуваат кон интеграција или реинтеграција на луѓе со посебни потреби на пазарот на работна сила. Сепак, таквите работилници може да не бидат во можност да добијат договори под нормални услови на конкуренција. Како последица на тоа, соодветно е да се предвиди земјите-членки да можат да го задржат правото на такви работилници да учествуваат во постапки за доделување јавни договори или да го задржат извршувањето договори во контекстот на заштитни програми за вработување.

(29) Техничките спецификации составени од јавни купувачи треба да дозволуваат јавните набавки да бидат отворени за конкуренција. Поради тоа, мора да биде изводливо да се поднесуваат понуди кои одразуваат различност на техничките решенија. Според тоа, мора да биде изводливо техничките спецификации да се изготвуваат според функционални особини и барања, а кога се посочува Европскиот стандард, или во негово отсуство националниот стандард, договорните органи мораат да ги земат предвид понудите засновани на еднакви решенија. За да се докаже еднаквоста, треба да им се дозволи на понудувачите да користат секаква форма на докази. Договорните органи мора да бидат во можност да дадат причина за секоја одлука дека во даден случај не постои еднаквост. Договорни органи кои сакаат да дефинираат услови за животната средина во техничката спецификација на даден договор можат да ги утврдат карактеристиките на животната средина, како што се даден метод на производство и/или посебни ефекти врз животната средина на групи производи или услуги. Тие можат, но не се обврзани, да применуваат соодветни спецификации кои се дефинирани во екоетикетите, како што се Европската екоетикета,

(мулти)националните екоетикети или секоја друга екоетикета под услов условите за етикетата да се изготвени и приспособени врз основа на научни информации со примена на постапка во која можат да учествуваат учесници како што се владини тела, потрошувачи, производители, дистрибутери и организации за заштита на животната средина и под услов етикетата да е достапна и да е на располагање на сите заинтересирани страни. Договорните органи секогаш кога е можно треба да утврдуваат технички спецификации така што ќе го земат предвид критериумот на достапност за луѓе со посебни потреби или идејно решение за сите корисници. Техничките спецификации треба јасно да бидат наведени така што сите понудувачи ќе знаат што опфаќаат условите поставени од договорниот орган.

(30) Дополнителни информации за договорите, бидејќи е вообичаено во земјите-членки, мора да бидат дадени во договорните документи за секој договор или ако не, во сличен документ.

(31) Договорните органи кои спроведуваат особено сложени проекти, без да биде тоа поради некаков пропуст од нивна страна, може да установат дека е објективно невозможно да ги дефинираат средствата за задоволување на нивните потреби или да испитаат што може да понуди пазарот во смисла на технички решенија и/или финансиски/правни решенија. Оваа ситуација може да се појави особено при спроведувањето важни проекти за инфраструктура за интегриран транспорт, големи компјутерски мрежи или проекти кои опфаќаат комплексно и структурно финансирање, чиј финансиски и правен состав не може однапред да се дефинира. До степенот до кој примената на отворен или ограничен повик не го дозволува доделувањето такви договори, треба да се предвиди флексибилна постапка која ја зачувува не само конкуренцијата помеѓу економските оператори, туку, исто така, и потребата договорните органи да ги разгледаат сите аспекти на договорот со секој кандидат. Сепак, оваа постапка не смее да се применува на таков начин што ја ограничува или спречува конкуренцијата, особено преку изменување некои основни аспекти на понудите или преку наметнување значајни нови услови на успешниот понудувач или преку вклучување на некој понудувач освен оној што е избран како економски најповолен.

(32) Со цел да се поттикнува вклучувањето на малите и на средните претпријатија на пазарот на договори за јавни набавки, пожелно е да се вклучат одредби за склучување поддоговори.

(33) Условите за исполнување на договорот се усогласени со оваа директива, под услов тие да не се директно или индиректно дискриминаторски и да се наведени во известувањето за договор или во договорните документи. Тие особено можат да бидат насочени кон фаворизирање стручно усовршување на самото место, вработување лица кои се соочуваат со особени тешкотии во постигнување интеграција, борбата против невработеноста или заштитата на животната средина. На пример, помеѓу другите работи, може да се споменат условите применливи во текот на извршување на договорот, да се најмат невработени лица кои подолго време бараат работа или да се спроведат постапки за обука на невработени или млади лица, да се почитуваат во суштина одредбите од основните конвенции на Меѓународната организиција на трудот (ИЛО(ILO)), под претпоставка дека таквите одредби не се имплементирани во националното право, и да се најмат повеќе хендикепирани лица отколку што е потребно според националното законодавство.

(34) Законите, прописите и колективните договори што се во сила и на национално и на ниво на Заедницата, во областите на условите за вработување и заштита при работа се применуваат во текот на извршувањето јавен договор, под услов тие прописи и нивната примена да се усогласени со правото на Заедницата. Кај прекуграничните ситуации, кога работниците од една земја-членка пружаат услуги во друга земја-членка за целта на извршување јавен договор, Директива 96/71/ЕЗ на Европскиот парламент и на Советот од 16 декември 1996 година за сместување работници во рамки на прометот на услуги[(11)] ги утврдува минималните услови кои мора да се запазат од страна на земјата-домаќин во однос на тие сместени работници. Доколку националното право содржи одредби за вакво дејство, непридржувањето кон тие обврски може да се смета за сериозно несоодветно однесување или прекршок во поглед на професионалното однесување на предметниот економски оператор, што подлежи и може да доведе до исклучување на економскиот оператор од постапката за доделување јавен договор.

(35) Со оглед на новиот развој во информатичката и комуникациската технологија и поедноставувањата што можат да ги донесат во поглед на објавување договор и ефикасност и

[(11)] Сл. весник L 18, 21.1.1997 год., стр. 1.

транспарентност на процесот на набавка, електронските средства треба да се изедначат со традиционалните средства за комуникација и размена на информации. Избраните средства и технологија колку што е можно повеќе треба да одговараат со технологијата што се користи во други земји-членки.

(36) За да се осигура развивање ефикасна конкуренција на полето на јавни договори, неопходно е известувањата за договори составени од договорните органи на земја-членка да се објавуваат насекаде низ Заедницата. Информациите содржани во овие известувања мора да им овозможат на економските оператори во Заедницата да определат дали предложените договори се интересни за нив. За таа цел, погодно е да им се дадат доволни информации за предметот на договорот и условите во негов прилог. Затоа треба да се обезбеди подобрена видливост на јавните известувања по пат на погодни инструменти, како што се стандардните обрасци за известувања за договори и Заедничкиот поимник за јавни набавки (ЦПВ) предвиден во Регулатива (ЕЗ) бр. 2195/2002 на Европскиот парламент и на Советот[(12)] како референтна номенклатура за јавни договори. Во ограничен повик, огласот поспецификно е наменет да им овозможи на изведувачите во земјите-членки да го изразат својот интерес, барајќи од договорните органи покани за учество на тендер според бараните услови.

(37) Директива 1999/93/ЕЗ на Европскиот парламент и на Советот од 13 декември 1999 година за рамка на Заедницата за електронски потписи[(13)] и Директива 2000/31/ЕЗ на Европскиот парламент и на Советот од 8 јуни 2000 година за одредени правни аспекти на услугите на информатичкото општество, а особено електронската трговија на внатрешниот пазар ("Директива за електронска трговија")[(14)] во контекст на оваа директива треба да се применуваат на преносот на информации преку електронски средства. Постапките за јавни набавки и прописите што се применуваат на конкурсите за услуги бараат ниво на безбедност и доверливост повисоко од она што се бара со овие директиви. Според тоа, средствата за електронски прием на понуди, барања за учество и планови и проекти треба да исполнуваат специфични дополнителни услови. Поради тоа, употребата на електронски потписи, а особено софистицирани електорнски потписи, треба колку што е можно повеќе да се поттикнува. Покрај тоа, постоењето доброволни шеми за акредитација треба да установи поволна рамка за зајакнување на нивото на обезбедување на услугата на давање сертификат за овие уреди.

(38) Употребата на електронски средства доведува до заштеди во време. Како разултат на тоа, треба да се постават одредби за намалување на минималните периоди кога се користат електронски средства, кои меѓутоа подложат на условот да одговараат на специфичниот начин на пренос предвиден на ниво на Заедницата.

(39) Проверката на подобноста на понудувачите во отворен повик и на кандидати во ограничен повик и постапки со преговарање со објавување на известување за договор и во конкурентен дијалог и изборот од нив, треба да се спроведува во транспарентни услови. За таа цел, треба да се наведат недискриминаторски критериуми кои договорните органи можат да ги користат при изборот на конкуренти и средства кои економските оператори можат да ги користат за да докажат дека ги задоволуваат тие критериуми. Во истиот дух на транспарентност, од договорниот орган се бара веднаш штом договорот се изложи на конкуренција, да ги наведе критериумите за избор што ќе ги применува и нивото на посебни способности кои може или не може да ги бара од еконмските оператори пред да ги прими во постапката за набавка.

(4) Договорниот орган може да го ограничи бројот на кандидати во ограниченият повик или постапките со преговарање со објавување известување за договор, како и во конкурентен дијалог. Вакво намалување на кандидати треба да се спроведува врз основа на објективни критериуми наведени во известувањето за договор. Овие објективни критериуми, исто како и критериумите за избор, не содржат коефициенти. За критериуми кои се однесуваат на личната ситуација на економски оператор може да биде доволно општо упатување во известувањето за договор на ситуациите утврдени во член 45.

---

(12) Сл. весник L 340, 16.12.2002 год., стр. 1.
(13) Сл. весник L 13, 19.1.2000 год., стр. 12.
(14) Сл. весник L 178, 17.7.2000 год., стр. 1.

(41) Во конкурентен дијалог и постапките со преговарање со објавување известување за договор, со оглед на флексибилноста која може да се бара и високото ниво на трошоци поврзани со овие методи на набавка, договорните органи се овластуваат да донесуваат одлуки за постапката што треба да се спроведува во последователни фази со цел врз основа на претходно наведени криетриуми за доделување договор, постепено да се намалува бројот на понуди кои ќе продолжат да ги разгледуваат или преговараат. Ова намалување, сè додека дозволува бројот на погодни решенија и кандидати, треба да осигурува дека постои вистинска конкуренција.

(42) Релевантните правила на Заедницата за заемно признавање дипломи, сертификати или друг доказ за формалните квалификации важат кога е потребен доказ за конкретна квалификација за учество во постапка за набавка или конкурс за идејно решение.

(43) Треба да се избегнува доделување јавни договори на економски оператори кои учествувале во криминална организација или се прогласени за виновни за корупција или измама на штета на финансиските интереси на Европските заедници или за перење пари. Кога е соодветно, договорните органи треба да побараат од кандидатите или понудувачите да достават релевантна документација и кога имаат сомневања во врска со личната ситуација на кандидатот или понудувачот, можат да побараат соработка со надлежните органи на предметната земја-членка. Исклучувањето на таквите економски оператори треба да настане веднаш штом договорниот орган дојде до сознанија за пресуда за такви прекршоци донесени во согласност со националното право кое има сила на рес јудикта. Доколку националното право содржи одредби за вакво дејство, непридржувањето кон законодавството за животна средина или кон законодавството за незаконски спогодби во јавни договори кои се предмет на крајна пресуда или одлука која има еднакво дејство, може да се смета за прекршок во поглед на професионалното однесување на соодветниот економски оператер или за сериозно несоодветно однесување.

Непридржување кон националните одредби со кои се спроведуваат директивите на Советот 2000/78/ЕЗ[15] и 76/207/ЕЕЗ[16] во врска со еднаков третман на работници, кои се предмет на крајна пресуда или одлука која има еднакво дејство, може да се смета за прекршок во поглед на професионалното однесување на соодветниот економски оператер или за сериозно несоодветно однесување.

(44) Во соодветни случаи, во кои природата на работите и/или услугите оправдува примена на мерки или шеми за управување со животна средина во текот на извршувањето јавен договор, може да биде потребна примената на такви мерки или шеми. Шеми за управување со животна средина, било да се регистрирани или не со инструменти на Заедницата, како што е Регулатива (ЕЗ) 761/2001[17] (ЕМАС), можат да покажат дека економскиот оператор има техничка способност да го изврши договорот. Покрај тоа, опис на мерките имплементирани од економскиот оператор за да се обезбеди истото ниво на заштита на животната средина треба да се прифати како алтернатива на шемите за регистрирање за управување со животната средина како еден вид доказ.

(45) Оваа директива им овозможува на земјите-членки да утврдат официјален список на изведувачи, доставувачи или вршители на услуги или систем за сертифицирање на јавни или приватни тела и дава одредби за ефектот од таквата регистрација или таквата сертификација во постапка за доделување договор во друга земја-членка. Во поглед на официјалните списоци на одоберни економски оператори, важно е да води сметка за прецедntното право на Судот на правдата во случаи кога економски оператор кој припаѓа на одредена група ги гарантира економските, финансиските и техничките способности на други компании во групата во поддршка на својата пријава за регистрација. Во овој случај, токму економскиот оператор треба да докаже дека тие средства навистина ќе му бидат на располагање во текот на целиот период на важност на

---

[15] Директива 2000/78/ЕЗ на Советот од 27 ноември 2000 година со која се поставува општа рамка за еднаков третман при вработување и занимање (Сл. весник L 303, 2.12.2000 год., стр.16).

[16] Директива 76/207ЕЕЗ на Советот од 9 февруари 1976 година за спроведување на принципот на еднаков третман на мажи и жени во врска со пристап до вработување, стручно усовршување и унапредување, и работни услови (Сл. весник L 39, 14.2.1976 год., стр. 40). Директива изменета со Директива 2002/73/ЕЗ на Европскиот парламент и на Советот (Сл. весник L 269, 5.10.2002 год., стр.15).

[17] Регулатива (ЕЗ) бр. 761/2001 на Европскиот парламент и на Советот од 19 март 2001 година со која се овозможува доброволно учество на организации во шемите на Заедницата за управување со животната средина и резвизија (ЕМАС) (Сл. весник L 114, 24.4.2001 год., стр. 1).

регистрацијата. За целите на таа регистрација, земјата-членка може да го определи нивото на услови што треба да се исполнат, а особено, на пример, кога економскиот оператор гарантира за финансиската положба на друга компанија во групата, може да побара таа компанија да биде одговорна доколку е потребно солидарно и неограничено.

(46) Договорите треба да се доделуваат врз основа на објективни критериуми кои осигуруваат почитување на принципите на транспарентност, недискриминација и еднаков третман и кои гарантираат дека понудите се оценуваат во услови на ефикасна конкуренција. Како последица на тоа, соодветно е се дозволи примената само на два критериума за доделување: ’најниската цена‘ и ’економски најповолна понуда‘.

За да осигура почитување на принципот на еднаков третман при доделувањето договори, соодветно е да се утврди обврска, поставена според прецедентно право, за да се осигури потребната транспарентност која ќе им овозможи на понудувачите да бидат разумно информирани за критериумите и за постапките што ќе се применуваат за да се идентификува економски најповолната понуда. Затоа, одговорност на договорните органи е да ги наведат критериумите за доделувањето договор и соодветниот коефициент даден за секој од тие критериуми во време доволно за понудувачите да станат свесни за нив при подготовката на нивните понуди. Договорните органи можат да отстапат од наведување на соодветниот коефициент за доделување, во целосно оправдани случаи за кои мора да бидат во можност да ги дадат причините кога коефициентот не може однапред да се утврди, а особено на сметка на сложеноста на договорот. Во такви случаи, мора да ги наведат критериумите според опаѓачки редослед на значење.

Кога договорните органи ќе изберат да го доделат договорот на економски најповолната понуда, тие ги оценуваат понудите за да определат која од нив нуди најдобра вредност за парите. За да го сторат тоа, тие ги утврдуваат економските и квалитативните критериуми кои, земени како целина, мора да овозможат да се определи економски најповолната понуда за договорниот орган. Утврдувањето на овие критериуми зависи од предметот на договорот, бидејќи тие мора да овозможуваат нивото на извршувањето понудено од секоја понуда да биде оценето имајќи го предвид предметот на договорот, како што е дефиниран во техничката спецификација, и да се измери вредноста на парите за секоја понуда.

Со цел да се гарантира еднаков третман, критериумите за доделување на договорот треба да овозможат понудите објективно да се споредат и оценат. Ако се исполнети овие услови, економските и квалитативните критериуми за доделување на договорот, како што е исполнување на условите за животната средина, може да му овозможат на договорниот орган да ги задоволи потребите на соодветната јавност како што е искажана во спецификациите на договорот. Според истите услови, договорен орган може да употребува критериуми насочени кон задоволување социјални барања, како одговор особено на потребите дефинирани во спецификациите на договорот, на групи луѓе со особено посебни потреби на кои припаѓаат оние што ги примаат/користат работите, добрата или услугите кои се предмет на договорот.

(47) Во случајот на договори за јавни услуги, критериумите за доделување не смеат да влијаат на примената на националните одредби за наградувањето на одредени услуги, како што се, на пример, услугите извршени од архитекти, инженери или адвокати, а кога се во прашање договорите за јавни добра, примената на националните одредби со кои се утврдуваат фиксните цени на учебниците.

(48) Одредени технички услови, а особено оние во врска со прикази и статистички извештаи, како и користената номенклатура и условите кои упатуваат на таа номенклатура ќе треба да се приспособат и изменат имајќи ги предвид измените во техничките услови. Списоците на договорни органи во анексите, исто така, ќе треба да се ажурираат. Затоа е погодно да се воведе флексибилна и брза постапка за приспособувања на оваа цел.

(49) Мерките потребни за спроведување на оваа директива треба да бидат донесени во согласност со Одлуката 1999/468/ЕЗ на Советот од 28 јуни 1999 година, со која се утврдуваат постапките за примена на овластувањата пренесени на Комисијата.[18]

[18] Сл. весник L 184, 17.7.1999 год., стр. 23.

(50) Соодветно е Регулативата на Советот (ЕЕЗ, Евроатом) бр. 1182/71 од 3 јуни 1971 година, со која се утврдуваат правилата применливи на периоди, датуми и временски рокови,[19] да важи за пресметувањето на роковите содржани во оваа директива.

(51) Оваа директива не треба да биде во спротивност со временските рокови утврдени во Анекс XI, во чии рамки се бара од земјите-членки да ги транспонираат и применат директивите 92/50/ЕЕЗ, 93/36/ЕЕЗ и 93/37/ЕЕЗ,

ЈА ДОНЕСОА СЛЕДНАВА ДИРЕКТИВА:

СОДРЖИНА

НАСЛОВ I

Дефиниции и општи начела

Член 1 — Дефиниции

Член 2 — Принципи на доделување договори

Член 3 — Одобрување специјални или ексклузивни права: недискриминаторска клаузула

НАСЛОВ II

Правила за јавни договори

ПОГЛАВЈЕ I

Општи одредби

Член 4 — Економски оператори

Член 5 — Услови во врска со спогодби склучени во Светската трговска организација

Член 6 — Доверливост

ПОГЛАВЈЕ II

Опфат

Дел 1 - Прагови

Член 7 — Прагови за износи на јавни договори

Член 8 — Договори субвенционирани од договорни органи со повеќе од 50 %

Член 9 — Методи за пресметување на проценетата вредност на јавни договори, рамковни спогодби и системи за динамично купување

Дел 2 – Специфични ситуации

Член 10 — Набавки за потребите на одбраната

Член 11 — Јавни договори и рамковни спогодби доделени од централни тела за купување

Дел 3 – Изземени договори

Член12 — Договори во секторите за води, енергија, транспорт и поштенски услуги

Член13 — Специфични изземања на полето на телекомуникациите

Член14 — Тајни договори и договори кои бараат посебни безбедносни мерки

Член15 — Договори доделени согласно со меѓународни прописи

Член16 — Специфични изземања

[19] Сл. весник L 124, 8.6.1971 год., стр. 1.

Член17 — Концесии за услуги

Член18 — Договори за услуги доделени врз основа на ексклузивно право

Дел 3 – Посебни аранжмани

Член 19 — Резервирани договори

ПОГЛАВЈЕ III

Аранжмани за договори за јавни услуги

Член 20 — Договори за услуги набројани во Анекс II А

Член 21 — Договори за услуги набројани во Анекс II Б

Член 21 — Комбинирани договори кои ги вклучуваат услугите набројани во Анекс II А и услугите набројани во Анекс II Б

ПОГЛАВЈЕ IV

Посебни правила со кои се уредуваат спецификациите и договорните документи

Член 23 — Технички спецификации

Член 24 — Алтернативи

Член 25 — Склучување поддоговори

Член 26 — Услови за исполнување договори

Член 27 — Обврски во врска со даноци, заштита на животната средина, одредби за заштита при работа и работните услови

ПОГЛАВЈЕ V

Постапки

Член 28 — Користење отворен повик, ограничен повик и постапки со преговарање и конкурентен дијалог

Член 29 — Конкурентен дијалог

Член 30 — Случаи во кои е оправдано користењето на постапката со преговарање со претходно објавување на известување за договор

Член 31 — Случаи во кои е оправдано користењето на постапката со преговарање без објавување на известување за договор

Член 32 — Рамковни спогодби

Член 33 — Системи за динамично купување

Член 34 — Договори за јавни работи: посебни правила за субвенционирани станбени шеми

ПОГЛАВЈЕ VI

Правила за рекламирање и транспарентност

Дел 1 - Објавување на известувања

Член 35 — Известувања

Член 36 — Форма и начин на објавување известувања

Член 37 — Незадолжително објавување

Дел 2 - Временски рокови

Член 38 — Временски рокови за прием на барања за учество и за прием на понуди

Член 39 — Отворен повик: спецификации, дополнителни документи и информации

Дел 3 - Содржина на информации и средства за пренос

Член 40 — Повик за поднесување понуда, учество во дијалог или преговарање

Член 41 — Информирање на кандидати и понудувачи

Дел 4 - Комуникација

Член 42 — Правила што се применуваат во комуникацијата

Дел 5 - Извештаи

Член 43 — Содржина на извештаите

ПОГЛАВЈЕ VII

Спроведување на постапката

Дел 1 - Општи одредби

Член 44 — Утврдување на способноста и избор на учесници и доделување договори

Дел 2 - Критериуми за квалитативна селекција

Член 45 — Лична ситуација на кандидатот или понудувачот

Член 46 — Способност за извршување на професионалните активности

Член 47 — Економска и финансиска состојба

Член 48 — Техничка и/или професионална способност

Член 49 — Стандарди за гаранција на квалитет

Член 50 — Стандарди за управување со животната средина

Член 51 — Дополнителна документација и информации

Член 52 — Официјални листи на одобрени економски оператори и сертификација од органите основани според јавно или приватно право

Дел 3 - Доделување договор

Член 53 — Критериуми за доделување договор

Член 54 — Примена на електронска аукција

Член 55 — Невообичаено ниски понуди

НАСЛОВ III

Правила за концесии за јавни работи

ПОГЛАВЈЕ I

Правила за концесии за јавни работи

Член 56 — Опфат

Член 57 — Исклучоци од опфатот

Член 58 — Известување за концесии за јавни работи

Член 59 — Временски рок

Член 60 — Подизведувачи

Член 61 — Доделување дополнителни работи на концесионерот

ПОГЛАВЈЕ II

Правила за договори доделени од концесионери кои се договорни органи

Член 62 — Применливи правила

ПОГЛАВЈЕ III

Правила што се применуваат за договори доделени од концесионери кои не се договорни органи

Член 63 — Правила за рекламирање: прагови и исклучоци

Член 64 — Објавување на известувањето

Член 65 — Временски рок за прием на барања за учество и прием на понуди

НАСЛОВ IV

Правила на конкурси за идејни решенија

Член 66 — Општи одредби

Член 67 — Опфат

Член 68 — Исклучоци од опфатот

Член 69 — Известувања

Член 70 — Форма и начин на известување за конкурси

Член 71 — Начин на комуникација

Член 72 — Избор на натпреварувачи

Член 73 — Состав на жири-комисијата

Член 74 — Одлука на жири-комисијата

НАСЛОВ V

Статистички обврски, извршни овластувања и завршни одредби

Член 75 — Статистички обврски

Член 76 — Содржина на статистичкиот извештај

Член 77 — Советодавен комитет

Член 78 — Ревидирање на праговите

Член 79 — Измени и дополнувања

Член 80 — Спроведување

Член 81 — Механизми за набљудување

Член 82 — Укинување

Член 83 — Влегување во сила

Член 84 — Адресати

АНЕКСИ

Анекс I — Листа на активности наведени во член 1(2), точка (б)(1)

Анекс II — услуги наведени во член 1(2)(г)

Анекс II А(1)

Анекс II Б

Анекс III — Листа на тела и категории регулирани со јавното право наведено во вториот потстав од член 1(9)

Анекс IV — Централни државни органи

Анекс V — Листа на производи наведени во член 7 во врска со договорите доделени од договорни органи во областа на одбраната

Анекс VI — Дефиниција на одредени технички спецификации

Анекс VII — Информации што треба да ги содржат известувањата

Анекс VII А— Информации што мора да се содржани во известувањата за јавни договори

Анекс VII Б — Информации што мора да се содржани во известувањата за концесија на работи

Анекс VII В— Информации што мора да се содржани во известувањата за договори за работи доделени од концесионери што не се договорни органи

Анекс VII Г — Информации што мора да се вклучат во известувањата за конкурс за идејно решение

Анекс VIII — Карактеристики во врска со објавувањето

Анекс IX — Регистри

Анекс IX А — Договори за јавни работи

Анекс IX Б — Договори за јавни добра

Анекс IX В — Договори за јавни услуги

Анекс X — Услови што треба да ги исполнуваат уредите за електронски прием на понуди, барања за учество на тендер и планови и проекти во конкурси за идејно решение

Анекс XI — Рокови за транспозиција и примена (член 80)

Анекс XII — Коресподентна табела

НАСЛОВ I

ДЕФИНИЦИИ И ОПШТИ ПРИНЦИПИ

Член 1

Дефиниции

1. За целите на оваа директива, се применуваат дефинициите утврдени во ставовите од 2 до 15.

2. (а) ‘Јавни договори’ се договори за паричен интерес склучени во писмена форма помеѓу еден или повеќе економски оператори и еден или повеќе договорни органи и кои за предмет имаат извршување работи, обезбедување производи или снабдување со услуги во смисла на оваа директива.

(б) ‘Договори за јавни работи’ се јавни договори кои за предмет имаат или извршување, или/и идејно решение и извршување на работи поврзани со една од активностите во смисла на Анекс I или работа или реализација, со какви било средства на работи кои одговараат на барањата специфицирани од договорниот орган. Под ’работа‘ се подразбира резултат на изградба и градежни работи, земени како целина, кои самите по себе се доволни за исполнување на економската и на техничката функција.

(в) ‘Договори за јавни добра’ се јавни договори различни од оние споменати во (б) кои за предмет имаат купување, закуп, најмување или купување со одложено плаќање, со или без опција за купување, на производи;

Јавен договор кој за предмет има набавка на производи и, исто така, како споредено предмет, опфаќа активности на поставување и инсталација ќе се смета дека е ’договор за јавни добра‘.

(г) ‘Договори за јавни услуги’ се јавни договори различни од договори за јавни работи и добра кои за предмет имаат промет на услуги споменати во Анекс II;

Јавен договор кој за предмет има и производи и услуги во смисла на Анекс II ќе се смета дека е ‘договор за јавни услуги’ ако вредноста на предметните услуги ја надминува онаа на производите опфатени со договорот.

Јавен договор кој за предмет има услуги во смисла на Анекс II и вклучува активности во смисла на Анекс I кои се само споредни на главниот предмет на договорот се смета дека е договор за јавни услуги.

3. 'Концесија за јавни работи' е договор од ист тип како и договорот за јавни работи освен фактот што предметот да се извршат работите се состои или само во правото да се експлоатира работата или во ова право заедно со плаќање.

4. 'Концесија за услуги' е договор од ист тип како и договорот за јавни услуги освен фактот што предметот да се обезбедат услугите се состои или само во правото да се експлоатира услугата или во ова право заедно со плаќање.

5. 'Рамковна спогодба' е договор меѓу еден или повеќе договорни органи и еден или повеќе економски оператори, чија цел е да се утврдат условите со кои се регулираат договорите што ќе бидат доделени во текот на одреден период, посебно во поглед на цените и, онаму каде што е соодветно, предвиденото количество.

6. 'Систем за динамично купување' е целосно електронски процес за вообичаено користени набавки, чии карактеристики, онака како што се достапни на пазарот, ги исполнуваат барањата на договорниот орган, кој има ограничено времетраење и до крајот на важноста е отворен за секој економски оператор кој ги задоволува критериумите за избор и поднел индикативна понуда која е во согласност со спецификацијата.

7. 'Електронска аукција' е процес што се повторува и вклучува електронски уред за презентација на нови цени, коригирани надолу и/или нови вредности кои се однесуваат на одредени елементи на понудите, кој се случува по првична целосна оцена на понудите што им овозможува да бидат рангирани со примена на методи за автоматско оценување.

Поради тоа, одредени договори за услуги и одредени договори за работи чии предмет се интелектуални дела, како што се идејни решенија за работи, не треба да бидат предмет на електронски аукции.

8. Под поимите 'изведувач', 'доставувач' и 'вршител на услуги' се подразбира секое физичко или правно лице или јавен субјект или група такви лица и/или тела кои нудат на пазарот соодветно извршување на работи и/или работа, добра или услуги.

Поимот 'економски оператор' еднакво ги опфаќа концептите на изведувач, доставувач и вршител на услуги. Се употребува само овој поим во интерес на поедноставување.

Економски оператор што поднел понуда се именува како 'понудувач'. Оној што побарал покана да учествува во ограничен повик или постапка со преговарање или конкурентен дијалог се именува како 'кандидат'.

9. Под 'договорни органи' се подразбира државата, регионалните или локалните власти, телата регулирани со јавното право, здруженија формирани од еден или повеќе такви органи или едно или повеќе такви тела регулирани со јавното право.

Под 'тело регулирано со јавно право' се подразбира секое тело кое:

(а) е основано заради специфична цел да ги задоволува потребите од општ интерес, и кое нема индустриска или комерцијална природа;

(б) има статус на правно лице; и

(в) е финансирано во најголем дел од државата, регионалните или локалните власти, или други тела регулирани со јавното право; или е предмет на супервизија на управувањето од страна на тие тела; или има административен, управен или супервизорски одбор, од чии членови повеќе од половина се назначени од државата, регионалните или локалните власти или од други тела регулирани со јавното право.

Неисцрпни списоци на телата и категориите на тела регулирани со јавното право кои ги исполнуваат критериумите споменати во (а), (б) и (в) од вториот потстав се утврдени во Анекс III. Земјите-членки периодично ја известуваат Комисијата за сите измени во своите списоци на тела и категории на тела.

10. ‘Централно тело за купување’ е договорен орган што:

- набавува добра и/или услуги наменети за договорните органи, или

- доделува јавни договори или склучува рамковни договори за работи, добра или услуги наменети за договорните органи.

11. (а) Под ‘отворен повик’ се подразбираат оние постапки според кои секој заинтересиран економски оператор може да поднесе понуда.

(б) Под ‘ограничен повик’ се подразбираат оние постапки во кои секој економски оператор може да побара да учествува и според кои можат да поднесат понуда само оние економски оператори што се поканети од договорниот орган.

(в) ‘Конкурентен дијалог’ е постапка во која секој економски оператор може да побара да учествува и според која договорниот орган води дијалог со кандидатите примени во процедурата, со намера да се развијат една или повеќе погодни алтернативи способни да ги задоволат неговите барања, и врз чија основа избраните кандидати се поканети да дадат понуди.

За целта на прибегнување кон процедурата спомената во првиот потстав, јавен договор се смета дека е ‘особено сложен’ кога договорните органи:

- објективно не се во состојба да ги дефинираат техничките средства во согласност со член 23(3)(б), (в) или (г), способни да ги задоволат нивните потреби или цели, и/или

- објективно не се во состојба да го специфицираат правниот и/или финансискиот состав на одреден проект.

(г) Под ‘постапка со преговарање’ се подразбираат оние постапки според кои договорните органи ги консултираат економските оператори според свој избор и преговараат за условите на договорот со еден или повеќе од нив.

(д) Под ‘конкурс за идејно решение’ се подразбираат оние постапки што му овозможуваат на договорниот орган да се стекне со план или идејно решение, главно на полето на просторното и урбанистичкото планирање, архитектурата, градежништвото или обработката на податоци, избрани од страна на жири-комисија, откако било изнесено на конкурс со или без доделување награди.

12. Под ‘писмено’ или ‘во писмена форма’ се подразбира секое изразување составено од зборови или бројки кои може да се прочита, умножи и потоа да се пренесе. Тоа може да вклучува информации кои се пренесени или зачувани со електронски средства.

13. Под ‘електронски средства’ се подразбира користење електронска опрема за обработка (вклучително и дигитална компресија) и чување податоци кои се пренесени, испорачани и примени со телеграма, радио, оптички средства или со други електормагнетни средства.

14. ‘Заедничкиот поимник за јавни набавки (ЦПВ)’ ја одредува референтната номенклатура применлива на јавните договори како што е донесена со Регулатива (ЕЗ) бр. 2195/2002 додека да се обезбеди еднаквост со другите постојни номенклатури.

Во случај на различни толкувања на опфатот на оваа директива, како резултат на можните разлики меѓу ЦПВ И НАЦЕ-номенклатурите набројани во Анекс I или меѓу ЦПВ и ЦПЦ-номенклатурите (привремена верзија) набројани во Анекс II, НАЦЕ или ЦПЦ-номенклатурата соодветно ќе имаат предност.

15. За целите на член 13, член 57(а) и член 68(б), следните фрази ги имаат следниве значења:

(а) под ‘јавна телекомуникациска мрежа’ се подразбира јавна телекомуникациска инфраструктура која овозможува пренесување сигнали меѓу дефинирани мрежни крајни точки преку жица, микробранови, со оптички средства или други електромагнетни средства;

(б) под ‘мрежна крајна точка’ се подразбираат сите физички конекции и нивна техничка спецификација за пристап кои формираат дел од јавната телекомуникациска мрежа и се неопходни за пристап до таа јавна мрежа и ефикасна комуникација преку неа;

(в) под ‘јавни телекомуникациски услуги’ се подразбираат телекомуникациски услуги чие обезбедување специфично го доделиле земјите-членки, посебно на еден или повеќе телекомуникациски субјекти;

(г) под ‘телекомуникациски услуги’ се подразбираат услуги чие обезбедување се состои, целосно или делумно, од пренос и насочување сигнали на јавна телекомуникациска мрежа преку процеси на телекомуникација, со исклучок на емитување радиосигнали и телевизија;

Член 2

Принципи за доделување договори

Договорните субјекти еднакво и недискриминаторски ги третираат економските оператори и постапуваат на транспарентен начин.

Член 3

Одобрување специјални или ексклузивни права: недискриминаторска клаузула

Кога договорен орган одобрува специјални или ексклузивни права да се изврши активност на јавна услуга на субјект различен од таков договорен орган, актот со кој се одобрува правото предвидува дека, во однос на договорите за добра што ги доделува на трета страна како дел од нивните активности, соодветниот субјект мора да го почитува принципот на недискриминација на основа на националноста.

НАСЛОВ II

ПРАВИЛА ЗА ЈАВНИ ДОГОВОРИ

ПОГЛАВЈЕ I

Општи одредби

Член 4

Економски оператори

1. Кандидатите или понудувачите кои, според законот на земјата-членка во која се основани, имаат право да ја обезбедуваат релевантната услуга, нема да бидат одбиени само врз основа на тоа дека според законот на земјата-членка во која е доделен договорот од нив се бара да бидат или физички или правни лица.

Меѓутоа, во случајот на договори за јавни услуги и јавни работи, како и договори за јавни добра кои покрај тоа опфаќаат и услуги и/или активности на поставување и инсталација, може да се бара правните лица да ги наведат, во понудата или барањето за учество, имињата и релевантните професионални квалификации на персоналот одговорен за извршувањето на предметниот договор.

2. Групи економски оператори можат да поднесуваат понуди или да се предложат за кандидати. За да поднесат понуда или барање за учество, договорните органи можат да не бараат од овие групи да претпоставуваат посебна правна форма; меѓутоа, кога и’ е доделен договорот, може да се побара од избраната група да го стори тоа, во онаа мера во која таа измена е неопходна за задоволително извршување на договорот.

Член 5

Услови во врска со спогодби склучени во Светската трговска организација

За целите на доделување договори од страна на договорни органи, земјите-членки во своите односи применуваат услови онолку поволни колку и оние што ги одобруваат на економски оператори од трети земји при спроведувањето на Спогодбата за владини набавки (во понатамошниот текст ’Спогодбата‘) склучена во рамките на Уругвајската рунда на мултилатерални преговори. Земјите-членки за оваа цел меѓусебно се консултираат во Советодавниот комитет за јавни договори споменат во член 77, за мерките што треба да се преземат согласно со Спогодбата.

Член 6

Доверливост

Без да е во спротивност со примената на одредбите од оваа директива, особено на оние што се однесуваат на обврските во врска со објавувањето доделени договори и за информациите за кандидати и понудувачи утврдени во член 35(4) и 41, и во согласност со националното право на кое подлежи договорниот орган, договорниот орган нема да открива информации доставени до него од економски оператори кои тие ги означиле како доверливи; таквите информации вклучуваат особено технички или трговски тајни и доверливи аспекти на понудите.

ПОГЛАВЈЕ II

Опфат

Дел 1

Прагови

Член 7

Прагови за износи на јавни договори

Оваа директива се применува на јавни договори кои не се изземени во согласност со исклучоците предвидени во член 10 и 11 и членовите од 12 до 18 и кои имаат вредност без данок на додадена вредност проценета дека е еднаква или поголема од следниве прагови:

(а) 162.000 евра за договори за јавни добра и услуги освен оние опфатени со точка (б), трета алинеја, доделени од договорни органи кои се набројани како централни државни органи во Анекс IV; во случајот на договори за јавни добра доделени од договорни органи што дејствуваат на полето на одбраната, ова се применува само на договори кои ги вклучуваат производите опфатени со Анекс V;

(б) 249.000 евра

- за договори за јавни добра и услуги доделени од договорни органи различни од оние набројани во Анекс IV,

- за договори за јавни добра доделени од договорни органи кои се набројани во Анекс IV и дејствуваат на полето на одбраната, каде што овие договори вклучуваат производи кои не се опфтани со Анекс V,

- за договори за јавни добра доделени од кој било договорен орган во однос на услугите набројани во Категорија 8 од Анекс IIA, Категорија 5 телекомуникациски услуги, позиции кои во ЦПВ се исти со референтните броеви 7524, 7525 и 7526 во ЦПЦ и/или услугите набројани во Анекс II Б;

(в) 6.242.000 евра за договори за јавни работи.

Член 8

Договори субвенционирани од договорни органи со повеќе од 50 %

Оваа директива се применува на доделувањето:

(а) договори кои со повеќе од 50 % се субвенционирани директно од договорни органи и чија проценета вредност, без ДДВ, е еднаква или поголема од 6.242.000 евра,

- каде што тие договори вклучуваат градежни активности во смисла на Анекс I,

- каде што тие договори вклучуваат изградба на болници, објекти наменети за спорт, рекреација и разонода, училишта и универзитетски згради и згради што се користат за административни цели;

(б) договори за услуги кои со повеќе од 50 % се субвенционирани директно од договорни органи и чија проценета вредност, без ДДВ, е еднаква или поголема од 249.000 евра и кои се поврзани со договор за работи во смисла на точка (а).

Земјите-членки ги преземаат потребните мерки за да осигурат дека договорните органи кои доделуваат такви субвенции обезбедуваат усогласеност со оваа директива кога тој договор е доделен од еден или од повеќе субјекти различни од нив или се придржуваат кон оваа директива кога тие самите го доделуваат тој договор за и во име на тие други субјекти.

Член 9

Методи за пресметување на проценетата вредност на јавни договори, рамковни спогодби и системи за динамично купување

1. Пресметувањето на проценетата вредност на јавен договор се заснова на вкупниот платлив износ, без ДДВ, како што е проценет од договорниот орган. Оваа пресметка ќе го земе предвид проценетиот вкупен износ, вклучувајќи ги и сите форми на опции и сите обновувања на договорот.

Кога договорниот орган предвидува награди или исплати за кандидатите или понудувачите, нив ќе ги земе предвид при пресметувањето на проценетата вредност на договорот.

2. Оваа процена мора да биде важечка во моментот кога е испратено известувањето за договор, како што е предвидено во член 35(2) или во случаи кога такво известување не е потребно, во моментот во кој договорниот орган ја започнува постапката за доделување договор.

3. Ниеден проект за работи или за предложено купување на одредено количество добра и/или услуги не може да се подели за да се спречи нивно потпаѓање во опфатот на оваа директива.

4. Во поглед на договори за јавни работи, пресметувањето на проценетата вредност ќе ги земе предвид и цената на работите и вкупната проценета вредност на добрата неопходни за извршување на работите и од страна на договорните органи ќе биде ставена на располагање на изведувачот.

5. (а) Кога предложена работа или набавка на услуги може да резултира со истовремено доделување договори во форма на посебни лотови, треба да се води сметка за вкупната проценета вредност на сите такви лотови.

Кога вкупната вредност на лотовите е еднаква или ги надминува праговите утврдени во член 7, оваа директива се применува на доделувањето на секој лот.

Меѓутоа, договорните органи можат да ги откажат оние барања што се однесуваат на лотови чија проценета вредност без ДДВ е помала од 80.000 евра за услуги или 1 милион евра за работи, под услов вкупната вредност на тие лотови да не надминува 20 % од вкупната вредност на лотовите како целина.

(б) Кога предлог за набавка на слични добра може да резултира со истовремено доделување договори во форма на посебни лотови, треба да се води сметка за вкупната проценета вредност на сите такви лотови кога се применува член 7(а) и (б).

Кога вкупната вредност на лотовите е еднаква или ги надминува праговите утврдени во член 7, оваа директива се применува на доделувањето на секој лот.

Меѓутоа, договорните органи можат да ги откажат таквите барања кои се однесуваат на лотови чија проценета вредност без ДДВ е помала од 80.000 евра, под услов вкупната цена на тие лотови да не надминува 20 % од вкупната вредност на лотовите како целина.

6. Во однос на договори за јавни добра кои се однесуваат на лизинг, закуп, најмување или купување производи со одложено плаќање, вредноста што треба да се земе како основа за пресметување на проценета вредност на договорот е како што следува:

(а) во случај на договори со фиксен рок, ако тој рок е помал или еднаков на 12 месеци, вкупната проценета вредност за рокот на договорот или, ако рокот на договорот е поголем од 12 месеци, вкупната вредност, вклучително и проценетата резидуална вредност;

(б) во случајот на јавни договори со фиксен рок или чиј рок не може да се дефинира, месечната вредност помножена со 48.

7. Во случајот на договори за јавни добра или услуги кои по својата природа се редовни или чија намера е да бидат обновени во даден период, пресметувањето на проценета вредност на договорот се пресметува врз основа на следново:

(а) или вкупната реална вредност на последователните договори од ист тип доделени во текот на претходните 12 месеци или финансиска година, приспособена, доколку е можно, така што да ги земе предвид промените што би настанале во количината или вредноста во текот на дванаесетте месеци по првичниот договор;

(б) или вкупната проценета вредност на последователни договори доделени во текот на 12-те месеци по првата испорака или во текот на финансиската година доколку таа е подолга од 12 месеци.

Изборот на метод користен за да се пресмета проценетата вредност на јавен договор не може да биде направен со намера неговата форма да се исклучи од опфатот на оваа директива.

8. Во однос на договори за јавни услуги, вредноста која треба да се земе како основа за пресметување на проценета вредност на договорот, спрема потребата, е како што следува:

(а) за следниве типови услуги:

(i) услуги на осигурување: платливата премија и други форми на награда;

(ii) банкарски и други финансиски услуги: надоместоците, провизиите, каматите и други форми на награда;

(iii) договори за идејно решение: надоместоци, платливи провизии и други форми на награда;

(б) договори за услуги кои не ја наведуваат вкупната цена:

(i) во случајот на договори со фиксен рок, ако тој рок е помал или еднаков на 48 месеци, вкупната вредност за целиот нивен рок;

(ii) во случајот на договори без фиксен рок или со рок поголем од 48 месеци, месечната вредност помножена со 48.

9. Во однос на рамковни спогодби и системи за динамично купување, вредноста која треба да се земе предвид ќе биде максималната проценета вредност без ДДВ на сите предвидени договори во целиот рок на рамковната спогодба или системот за динамично купување.

Дел 2

Специфични ситуации

Член 10

Набавки за потребите на одбраната

Оваа директива се применува на јавни договори доделени од договорни органи на полето на одбраната, предмет на член 296 од Договорот.

Член 11

Јавни договори и рамковни спогодби доделени од централни тела за купување

1. Земји-членки можат да одредат дека договорни органи можат да набавуваат работи, добра и/или услуги од или преку централно тело за купување.

2. Договорни органи кои набавуваат работи, добра и/или услуги од или преку централни тела за купување во случаите утврдени во член 1(10) се смета дека се усогласени со оваа директива сè додека централното тело за купување е усогласено со неа.

Дел 3

Изземени договори

Член 12

Договори во секторите за води, енергија, транспорт и поштенски услуги

Оваа директива не се применува на јавни договори кои, според Директива 2004/14/ЕЗ, се доделени од договорни органи кои вршат една или повеќе од активностите споменати во членовите од 3 до 7 од таа директива и се доделени за извршување на тие активности или на јавни договори изземени од опфатот на таа директива согласно со член 5(2) и член 19, 26 и 30 од неа.

Сепак, оваа директива ќе продолжи да се применува на јавни договори доделени од договорни органи кои вршат една или повеќе од активностите наведени во член 6 од Директива 2004/17/ЕЗ и се доделени за тие активности, сè додека соодветната земја-членка го користи мислењето наведено во вториот потстав од член 71 од неа за да ја одложи нејзината примена.

Член 13

Специфични изземања на полето на телекомуникациите

Оваа директива нема да се применува на јавни договори доделени од договорни органи на полето на одбраната, предмет на член 296 од Договорот.

Член 14

Тајни договори и договори кои бараат посебни безбедносни мерки

Оваа директива не се применува на договори кога се прогласени за тајни, кога нивното извршување мора да биде придружено со посебни безбедносни мерки во согласност со законите, регулативите или административните одредби кои се во сила во односната земја-членка или кога заштитата на основните безбедносни интереси на таа земја го бара тоа.

Член 15

Договори доделени согласно со меѓународни прописи

Оваа директива не се применува на договори регулирани со различни процедурални правила и доделени:

(а) согласно со меѓународна спогодба склучена во согласност со Договорот, меѓу земја-членка и една или повеќе трети земји и кој опфаќа добра или работи наменети за заедничка имплементација или експлоатација на работа од страна на земјите-потписнички или услуга наменета за заедничка имплементација или експлоатација на проект од страна на земјите-потписнички; за сите договори се известува Комисијата, која може да го консултира Советодавниот комитет за јавни договори споменат во член 77;

(б) согласно со склучена меѓународна спогодба во врска со стационирање трупи и за претпријатијата во земја-членка или во трета земја;

(в) согласно со конкретната постапка на меѓународна организација.

Член 16

Специфични изземања

Оваа директива не се применува на договори за јавни услуги за:

(а) стекнување или најмување, со какви било финансиски средства, земјиште, постојни згради или друг недвижен имот или права што се однесуваат на тоа; и покрај тоа, договори за финансиски услуги склучени во исто време, пред или по договорот за стекнување или најмување, во каква било форма, се предмет на оваа директива;

(б) стекнувањето, развојот, продукцијата или копродукцијата на програмски материјал наменет за емитување од преносители и договори за време на емитување;

(в) услуги на арбитража и порамнување;

(г) финансиски услуги поврзани со емисија, продажба, купување или пренос на хартии од вредност или други финансиски инструменти, а особено трансакции на договорните органи за собирање парични средства или капитал и услуги на централната банка;

(д) договори за вработување;

(ѓ) услуги на истражување и развој освен оние каде што користите се акумулираат само за договорниот субјект за негово користење во извршувањето на неговите работи, под услов обезбедената услуга да биде целосно наградена од договорниот орган.

Член 17

Концесии за услуги

Без да е во спротивност со примената на член 3, оваа директива не се применува на концесии за услуги како што се дефинирани во член 1 (4).

Член 18

Договори за услуги доделени врз основа на ексклузивно право

Оваа директива не се применува на договори за јавни услуги доделени од договорен орган на друг договорен орган или на асоцијација на договорни органи врз основа на ексклузивно право кое го имаат согласно со објавен закон, регулатива или административна одредба што е компатибилна со Договорот.

Дел 4

Посебни аранжмани

Член 19

Резервирани договори

Земји-членки може да го задржат правото да учествуваат во постапка за доделување јавен договор на заштитени работилници или да предвидат да се извршуваат такви договори во контекстот на заштитни програми за вработување каде што најголемиот број од засегнатите вработени се лица со посебни потреби кои, од природни причини или поради сериозноста на нивниот инвалидитет, не можат да ги извршуваат своите професии во нормални услови.

Известувањето за договор ќе упатува на оваа одредба.

ПОГЛАВЈЕ III

Аранжмани за договори за јавни услуги

Член 20

Договори за услуги набројани во Анекс II А

Договори чиј предмет се услугите набројани во Анекс II А се доделуваат во согласност со членовите од 23 до 55.

Член 21

Договори за услуги наброени во Анекс II Б

Договори чиј предмет се услугите набројани во Анекс II Б се предмет само на член 23 и член 35(4).

Член 22

Комбинирани договори кои ги вклучуваат услугите наброени во Анекс II А и услугите наброени во Анекс II Б

Договори чиј предмет се услугите наброени и во Анекс II А и во Анекс II Б се доделуваат во согласност со членовите од 23 до 55 кога вредноста на услугите наброени во Анекс II А е поголема од вредноста на услугите наброени во Анекс II В. Во други случаи, договори се доделуваат во согласност со член 23 и член 35(4).

ПОГЛАВЈЕ IV

Посебни правила со кои се уредуваат спецификации и договорни документи

Член 23

Технички спецификации

1. Техничката спецификација како што е дефинирана во точка *а* од Анекс IV се утврдува во договорната документација, како што се известувања за договор, договорни документи или дополнителни документи. Секогаш кога е можно, овие технички спецификации треба да се дефинираат така што ќе го земат предвид критериумот на достапност за луѓе со посебни потреби или идејно решение за сите корисници.

2. Техничките спецификации овозможуваат еднаков пристап за понудувачите и немаат ефект на создавање неоправдани пречки за отворањето на јавните набавки за конкуренција.

3. Без да е во спротивност со задолжителните национални технички прописи, во степенот во кој тие одговараат на правото на Заедницата, техничките спецификации ќе бидат формулирани:

(а) или со упатување на техничките спецификации дефинирани во Анекс VI и, заради предност, на националните стандарди кои ги транспонираат европските стандарди, европските технички одобренија, општите технички спецификации, меѓународните стандарди, други технички референтни системи поставени од европските тела за стандардизација или, кога вакви не постојат, на национални стандарди, национални технички одобренија или национални технички спецификации во врска со идејното решение, пресметката и извршувањето на работите и употребата на производите. Секое упатување треба да биде придружено со зборовите ’или еднакво‘;

(б) или во однос на извршувањето или функционалните барања; последното може да вклучува еколошки карактеристики. Сепак, овие параметри мора да бидат доволно прецизни за да им овозможат на понудувачите да го одредат предметот на договорот и за да им овозможат на договорните органи да го доделат договорот;

(в) или во однос на извршувањето или функционалните барања како што се споменати во потстав (б), со упатување на спецификациите споменати во потстав (а) како начини за претпоставување на усогласеност со тоа извршување или функционални барања;

(г) или со упатување на спецификациите споменати во потстав (а) за одредени карактеристики и со упатување на извршувањето или функционалните барања споменати во потстав (б) за други карактеристики.

4. Кога договорен орган ја користи опцијата на упатување на спецификациите наведени во став 3(а), не може да одбие понуда врз основа на тоа дека производите и услугите предмет на понудата не се во согласност со спецификациите на кои се повикал штом понудувачот со какви било соодветни средства во својата понуда за спецификацијата на договорниот орган докаже дека решенијата што ги предлага на еднаков начин ги задоволуваат условите дефинирани со техничките спецификации.

Соодветните средства можат да бидат претставени со техничко досие на производителот или со извештај за анализа од признаено тело.

5. Кога договорен орган ја користи опцијата утврдена во став 3 за да пропише услови за извршување или за функционални барања, не може да одбие понуда за работи, производи или услуги кои се во согласност со национален стандард кој транспонира Европски стандард, со Европско техничко одобрение, општа техничка спецификација, меѓународен стандард или технички референтни системи поставени од Европското тело за стандардизација, доколу тие спецификации се однесуваат на извршувањето или на функционалните барања што ги утврдил.

Во својата понуда, понудувачот мора да докаже на задоволство на договорниот орган и со сите соодветни средства дека работата, производот или услугата кои се во согласност со стандардот ги исполнуваат извршувањето или функционалните барања на договорниот орган.

Соодветните средства можат да бидат претставени со техничко досие на производителот или со извештај за анализа од признаено тело.

6. Кога договорните органи утврдуваат еколошки карактеристики во вид на извршување или функционални барања како што се споменати во став 3(б), тие можат да користат детални

спецификации или, ако е потребно, делови од нив како што се дефинирани со европски или (мулти)национални екоетикети или со која било друга екоетикета, под услов:

- тие спецификации да се соодветни за да ги дефинираат карактеристиките на добрата или услугите кои се предмет на договорот,

- барањата за етикетите да се изготвени врз основа на научни информации,

- екоетикетите да се прифатени со користење постапка во која сите соодветни страни, како што се владини тела, потрошувачи, производители, дистрибутери и еколошки организации, можат да учествуваат, и

- да се достапни за сите заинтересирани страни.

Договорните органи можат да наведат дека производите и услугите кои ги носат екоетикетите се претпоставува дека се усогласени со техничките спецификации утврдени во договорните документи; тие мора да ги прифатат сите други соодветни средства за доказ, како што се техничко досие на производителот или извештај од анализа на признаено тело.

7. 'Признаени тела', во смисла на овој член, се лаборатории за анализа и стандардизација и тела за сертификација и контрола кои се во согласност со применливите европски стандарди.

Договорните органи ги прифаќаат сертификатите од признаени тела основани во други земји-членки.

8. Освен ако предметот на договорот не оправдува, техничките спецификации не упатуваат на специфична изработка или извор или посебен процес или трговски марки, патенти, видови или специфично потекло или производство кои имаат ефект на фаворизирање или отстранување на одредени претпријатија или одредени производи. Такво повикување е дозволено на исклучителна основа, кога не е можен доволно прецизен или разбирлив опис на предметот на договорот согласно со став 3 и 4; таквото повикување треба да биде придружено со зборовите 'или еднакво'.

Член 24

Алтернативи

1. Кога критериумот за доделување е оној на економски најповолна понуда, договорните органи можат да им дозволат на понудувачите да поднесуваат алтернативи.

2. Договорните органи во известувањето за договор наведуваат дали дозволуваат алтернативи или не: алтернативи нема да бидат дозволени без оваа назнака.

3. Договорните субјекти кои дозволуваат алтернативи, во договорните документи ги наведуваат минималните барања што треба да ги исполнат алтернативите и сите специфичните барања за нивно претставување.

4. Само алтернативите што ги исполнуваат минималните барања утврдени од овие договорни органи ќе бидат земени предвид.

Во постапките за доделување договори за јавни добра или услуги, договорни органи кои дозволиле алтернативи не можат да одбијат алтернатива на единствена основа дека, доколку е успешна, би довела или до договор за услуга наместо договор за јавни добра или до договор за добра наместо до договор за јавни услуги.

Член 25

Склучување поддоговори

Во договорните документи, договорниот субјект може да побара или земја-членка може да му наложува да побара од понудувачот во својата понуда да го наведе секој дел од договорот за кој тој има намера да склучи поддоговор со трети страни, како и сите предложени поддоговорувачи.

Ова наведување не го повредува прашањето за одговорноста на главниот економски оператор.

Член 26

Услови за исполнување договори

Договорните органи можат да утврдуваат посебни услови во врска со исполнувањето договор под услов тие да се усогласени со правото на Заедницата и да се наведени во известувањето за договор или во спецификациите. Условите со кои се удредува исполнувањето договор може особено да се однесуваат на социјални прашања и прашања од областа на животната средина.

Член 27

Обврски во врска со даноци, заштита на животната средина, одредби за заштита при работа и работните услови

1. Договорниот субјект може во договорните документи да ги наведе, или да биде обврзан од страна на земјата-членка да го стори тоа, телото или телата од кои кандидат или понудувач може да ги добие соодветните информации за обврските поврзани со даноци, со заштитата на животната средина, со одредбите за заштита при работа и работните услови кои се во сила во земјата-членка, регионот или местото каде што треба да се изведат работите или да се обезбедат услугите и кои се применливи на работите што се изведуваат на местото или усугите што се обезбедуваат во текот на исполнување на договорот.

2. Договорниот субјект кој ги обезбедува информациите од став 1 бара од понудувачите или од кандидатите во постапката за доделување договор да наведат дека кога ја составувале нивната понуда, ги зеле предвид обврските во врска со одредбите за заштита при работа и работните услови кои се во сила во местото каде што треба да се изведе работата или да се обезбеди услугата.

Првиот потстав нема да ја попречува примената на одредбите од член 55 кој се однесува на разгледувањето на невообичаено ниски понуди.

ПОГЛАВЈЕ V

Постапки

Член 28

Користење отворен повик, ограничен повик и постапки со преговарање и конкурентен дијалог

При доделувањето на своите јавни договори, договорните органи ги применуваат националните постапки приспособени за целите на оваа директива.

Тие ги доделуваат овие јавни договори со примена на отворен или на ограничен повик. Во специфичните околности изречно предвидени во член 29, договорните органи можат да ги доделуваат своите јавни договори по пат на конкурентен дијалог. Во специфичните случаи и околности изречно наведени во членовите 30 и 31, тие можат да применуваат постапка со преговарање, со или без објавување известување за договор.

Член 29

Конкурентен дијалог

1. Во случајот на особено сложени договори, земји-членки можат да предвидат дека кога договорните органи сметаат дека користењето отворен или ограничен повик нема да го овозможи доделувањето договор, тие можат да го искористат конкурентниот дијалог во согласност со овој член.

Јавен договор се доделува врз единствена основа на критериумот за доделување на економски најповолната понуда.

2. Договорните органи објавуваат известување за договор во кое ги наведуваат своите потреби и барања, кои ги дефинираат во тоа известување и/или во описен документ.

3. Договорните органи со кандидатите избрани во согласност со релевантните одредби во членовите од 44 до 52, отвораат дијалог чија цел е да се идентификуваат и дефинираат средствата

што најмногу одговараат за задоволување на нивните потреби. Тие во текот на овој дијалог со избраниот кандидат, можат да дискутираат за сите аспекти на договорот.

Во текот на дијалогот, договорните органи осигуруваат еднаквост во тертманот меѓу сите понудувачи. Особено, тие нема да даваат информации на дискриминаторски начин што на некои понудувачи може да им даде предност во однос на другите.

Договорните органи не смеат да откриваат на други учесници предложени решенија или други доверливи информации пренесени од кандидат кој учествува во дијалогот без негова/нејзина согласност.

4. Договорен орган може да предвиди постапката да се одвива во последователни фази за да се намали бројот на решенија за кои треба да се дискутира во текот на фазата на дијалог, ставајќи го критериумот за доделување во известувањето за договор или во описниот документ. Во известувањето за договор или во описниот документ, се наведува дека може да се прибегне кон оваа опција.

5. Договорниот орган го продолжува таквиот дијалог сè додека да го идентификува решението или решенијата, доколку е потребно и откако ќе ги спореди, кои се способни да ги задоволат неговите потреби.

6. Откако ќе објави дека дијалогот е завршен и откако ќе ги информира за тоа учесниците, договорниот орган бара од нив да ги поднесат своите крајни понуди врз основа на решението или решенијата претставени и специфицирани во текот на дијалогот. Овие понуди ги содржат сите потребни и неопходни елементи за извршување на проектот.

Овие понуди може да бидат разјаснети, специфицирани и прецизно приспособени на барање на договорниот орган. Меѓутоа, вакво разјаснување, специфицирање, приспособување или дополнителни информации не смеат да вклучуваат измени на основните особини на понудата или повикот за прибирање понуди, чии варијации веројатно би ја нарушиле конкуренцијата или би имале дискриминаторски ефект.

7. Договорните органи ги оценуваат примените понуди врз основа на критериумот за доделување утврден во известувањето за договор или описниот документ и ја избираат економски најповолната понуда во согласност со член 53.

По барање на договорниот орган, од понудувачот идентификуван дека ја поднел економски најповолната понуда може да биде побарано да разјасни аспекти на понудата или да ги потврди заложбите содржани во понудата, под услов ова да нема ефект на приспособување на значајни аспекти на понудата или повикот за понуда и да нема опасност од нарушување на конкуренцијата или предизвикување дискриминација.

8. Договорните органи можат да утврдат цени или исплати за учесниците во дијалогот.

Член 30

Случаи во кои е оправдано користењето на постапката со преговарање, со претходно објавување на известување за договор

1. Договорните органи можат да ги доделуваат своите јавни договори со постапки со преговарање по објавување на известување за договор во следниве случаи:

(а) во случајот на нерегуларни понуди или поднесување понуди кои се неприфатливи според националните одредби што одговараат на членовите 4, 24, 25, 27 и поглавје VII, како одговор на отворен или ограничен повик или конкурентен дијалог, сè додека не се значајно изменети оригиналните услови на договорот.

Договорните органи треба да издадат известување за договор кога во постапката со преговарање ги вклучуваат сите или само понудувачите кои ги задоволуваат критериумите од членовите од 45 до 52 и кои, во текот на претходниот отворен или ограничен повик или конкурентен дијалог, поднеле понуди во согласност со формалните барања од постапката за прибирање понуди.

(б) во исклучителни случаи, кога природата на работите, добрата или услугите или ризиците поврзани со нив не дозволуваат претходно целосно одредување на цената;

(в) во случајот на услуги, меѓу другото, услуги од категорија 6 во Анекс II А и интелектуални улсуги, како што се услуги кои вклучуваат идејно решение за работи, во онаа мера во која природата на услугите што треба да обезбедат е таква што договорните спецификации не можат да се одредат со доволна прецизност, која дозволува доделување договор со избор на најдобра понуда во согласност со правилата со кои се уредува отворениот или ограниченият повик;

(г) во однос на договори за јавни работи, за работи кои се извршуваат само за целите на истражување, тестирање или развој и кои намаат цел обезбедување профитабилност или надоместување на трошоците за истражување и развој.

2. Во случаите наведени во став 1, договорните органи со понудувачите преговараат околку понудите поднесени од нивна страна за да ги приспособат кон барањата што ги поставиле во известувањето за договор, спецификациите и дополнителните документи, доколку ги има, и да ја побараат најдобрата понуда во согласност со член 53(1).

3. Во текот на преговорите, договорните органи осигуруваат еднаков тертман на сите понудувачи. Особено, тие нема да даваат информации на дискриминаторски начин што на некои понудувачи може да им даде предност во однос на другите.

4. Договорни органи може да предвидат постапката со преговарање да се одвива во последователни фази за да се намали бројот на понуди за кои треба да се преговара, применувајќи го критериумот за доделување од известувањето за договор или од спецификациите. Во известувањето за договор или во спецификациите се наведува дали може да се прибегне кон оваа опција.

Член 31

Случаи во кои е оправдано користењето постапка со преговарање без објавување известување за договор

Договорните органи можат да доделуваат јавни договори со постапки со преговарање без претходно објавување известување за договор во следниве случаи:

(1) за договори за јавни работи, договори за јавни добра и договори за јавни услуги:

(а) кога ниедна понуда или ниедна соодветна понуда или ниедна пријава не е поднесена како одговор на отворен повик или ограничен повик ако првичните услови од договорот значајно не се изменети и под услов да биде испратен извештај до Комисијата доколку таа го бара тоа;

(б) кога, поради технички или уметнички причини, или од причини поврзани со заштитата на ексклузивни права, договорот може да се додели само на конкретен економски оператор;

(в) сè додека е строго неопходно, кога поради крајна итност предизвикана од настани што не можеле да ги предвидат соодветните договорни субјекти, не можат да се почитуваат временските рокови за отворен повик, ограничен повик или постапка со преговарање со објавување известување за договор како што се споменати во член 30; Околностите земени предвид за да оправдаат крајна итност не смеат во ниеден случај да му се припишат на договорниот орган;

(2) за договори за јавни добра:

(а) кога опфатените производи се произведени целосно за целта на истражување, експериментирање, студија или развој; оваа одредба не се протега на производство во обем со кој би се постигнала комерцијална одржливост или надоместување на трошоците за истражување и развој.

(б) за дополнителни испораки од страна на првичниот доставувач, кои се наменети или како делумна замена на вообичаените залихи или инсталации или како проширување на

постојните залихи или инсталации, каде што промената на доставувачот би го обврзала договорниот субјект да купи материјал со поинакви технички карактеристики, што би резултирало во некомпатибилност или несразмерни технички тешкотии во работењето и одржувањето; должината на овие договори, како и онаа на повеќекратни договори, како општо правило, не смее да надминува три години;

(в) за добра наведени и купени на пазар на стоки;

(г) за набавка на добра под особено поволни услови, или од доставувач кој дефинитивно завршува со неговите деловни активности или од стечајни управници или ликвидатори на стечај, аранжман со доверители или слична постапка според националните закони или регулативи;

(3) за договори за јавни услуги, кога предметниот договор следува по конкурс за идејно решение и мора, согласно со применливите правила, да биде доделен на успешниот кандидат или на еден од успешните кандидати, при што, во последниов случај, сите успешни кандидати мора да бидат поканети да учествуваат во преговорите;

(4) за договори за јавни работи и договори за јавни услуги:

(а) за дополнителни работи или услуги кои не се вклучени во првично разгледуваниот проект или во оригиналниот договор, но кои, преку непредвидени околности, станале неопходни за извршување на работите или услугите опишани во него, под услов тој да е доделен на економскиот оператор што извршува такви работи или услуги:

- кога таквите дополнителни работи или услуги не можат да бидат технички или економично одделени од оригиналниот договор без големи проблеми за договорните органи,

или

- кога таквите дополнителни работи или услуги кои, иако можат да бидат одделени од извршувањето на оригиналниот договор, се строго неопходни за негово завршување;

Сепак, вкупната вредност на договори доделени за дополнителни работи или услуги не може да надминуваат 50 % од износот на оригиналниот договор;

(б) за нови работи или услуги кои се состојат од повторување слични работи или услуги што му се доделени на економскиот оператор на кој истите договорни органи му доделиле оригинален договор, под услов таквите работи или услуги да се во согласност со основниот проект за кој бил доделен оригиналниот договор според отворен или ограничен повик.

Веднаш откако првиот проект е отворен за поднесување понуди, се открива можното користење на оваа постапка, а договорните органи, кога ги применуваат одредбите од член 7, го земаат предвид вкупниот проценет трошок од последователните работи и услуги;

Оваа постапка може да се користи само во тек на трите години по склучувањето на оригиналниот договор.

Член 32

Рамковни спогодби

1. Земји-членки може да предвидат дека договорните органи можат да склучуваат рамковни спогодби.

2. За целта на склучување рамковна спогодба, договорните органи го следат правилникот за работа во оваа директива за сите фази сè до доделувањето договори врз основа на рамковна спогодба. Страните во рамковната спогодба се избираат со примена на критериумите за доделување утврдени согласно член 53.

Договори врз основа на рамковна спогодба се доделуваат во согласност со постапките утврдени во ставовите 3 и 4. Овие постапки може да се применат само меѓу договорните органи и економските оператори кои биле оригинални страни во рамковната спогодба.

При доделување договори врз основа на рамковна спогодба, страните не можат под никакви околности да вршат значјани измени во условите утврдени во таа рамковна спогодба, а особено во случајот наведен во став 3.

Рокот на рамковна спогодба не може да надминува четири години, освен во исклучителни добро оправдани случаи, особено со предметот на рамковната спогодба.

Договорните органи не смеат некоректно да ги употребуваат рамковните спогодби или на начин со кој се попречува, ограничува или нарушува конкуренцијата.

3. Каде што рамковна спогодба е склучена со еден економски оператор, договори врз основа на таа спогодба се доделуваат во границите на роковите утврдени во рамковната спогодба.

За доделувањето на тие договори, договорните органи можат во писмена форма да се консултираат со операторот-страна во рамковната спогодба, барајќи од него доколку е потребно да ја дополни својата понуда.

4. Каде што рамковна спогодба е склучена со неколку економски оператори, тие мора да бидат најмалку три на број, сè додека постои доволен број економски оператори кои ги задоволуваат критериумите за избор и/или прифатливи понуди кои ги задоволуваат критериумите за доделување.

Договори врз основа на рамковни спогодби склучени со неколку економски оператори може да се доделуваат или:

- со примена на условите утврдени во рамковната спогодба без повторно отворање конкурс, или

- каде што сите услови не се утврдени во рамковната спогодба, кога страните повторно си конкурираат врз основа на истите услови и, доколку е потребно, попрецизно формулирани услови или спрема потребата, други услови споменати во спецификациите на рамковната спогодба, во согласност со следнава постапка:

(а) за секој договор кој треба да се додели, договорните органи во писмена форма ги консултираат економските оператори способни да го извршат договорот;

(б) договорните органи определуваат рок кој е доволно долг да овозможи да се поднесат понуди за секој посебен договор, водејќи сметка за фактори како што се сложеноста на предметот на договорот и времето потребно да се испратат понуди;

(в) понуди се поднесуваат во писмена форма и нивната содржина останува доверлива сè додека не истече предвидениот временски рок за одговор;

(г) договорните органи го доделуваат секој договор на понудувачот што ја поднел најдобрата понуда врз основа на критериумите за доделување утврдени во спецификациите на рамковната спогодба.

Член 33

Системи за динамично купување

1. Земји-членки може да предвидат дека договорните органи можат да користат системи за динамично купување.

2. Со цел да утврдат систем за динамично купување, договорните органи ги следат правилата за отворен повик во сите фази сè до доделувањето на договорите кои треба да се склучат согласно со овој систем. Сите понудувачи кои ги задоволуваат критериумите за избор и кои поднеле индикативна понуда која е во согласност со спецификацијата и сите можни дополнителни документи ќе бидат прифатени во системот; индикативните понуди можат да бидат подобрени во секое време под услов тие и понатаму да се во согласност со спецификацијата. Заради поставување на системот и доделувањето договори според тој систем, договорните органи користат единствено електронски средства во согласност со член 42 од (2) до (5).

3. За целите на поставување на системот за динамично купување, договорните органи:

(а) објавуваат известување за договор со кое јасно ставаат на знаење дека е опфатен систем за динамично купување;

(б) ја наведуваат спецификацијата, меѓу другите работи, природата на набавките предвидени според тој договор, како и сите потребни информации кои се однесуваат на системот на купување, користената електорнска опрема и решенијата за техничко повразување и спецификации;

(в) нудат преку електронски средства, на објавата на известувањето и сè до истекувањето на системот, неограничен, директен и целосен пристап до спецификациите и до сите дополнителни документи, а во известувањето ја наведуваат Интернет-адресата на која можат да бидат консултирани овие документи.

4. Договорните органи, до крајот на целиот период на системот за динамично купување, на секој економски оператор му даваат можност да поднесе индикативна понуда и да биде прифатен во системот според условите наведени во став 2. Тие ја завршуваат оцената за максимум 15 дена од датумот на поднесување на индикативната понуда. Меѓутоа, тие можат да го продолжат периодот за оценување под услов во меѓувреме да не е издадена ниедна покана за учество на тендер.

Договорниот орган во првата можна пригода го информира понудувачот наведен во првиот потстав за неговото прифаќање во системот за динамично купување или за одбивањето на неговата индикативна понуда.

5. Секој посебен договор мора да биде предмет на покана за учество на тендер. Пред да издадат покана за учество на тендер, договорните органи издаваат поедноставено известување за договор со кое ги поканuваат сите заинтересирани економски оператори да поднесат индикативна понуда о согласно став 4, во временски рок кој не може биде помал од 15 дена од датумот на кој било испратено поедноставеното известување. Договорните органи не можат да продолжат со прибирањето понудо сè додека не го завршат оценувањето на сите индикативни понуди примени до тој краен рок.

6. Договорните органи ги поканuваат сите понудувачи прифатени во системот да поднесат понуда за секој посебен договор кој треба да се додели според системот. За таа цел, поставуваат рок за поднесување понуди.

Тие го доделуваат договорот на понудувачот што ја поднел најдобрата понуда врз основа на критериумите за доделување утврдени во известувањето за договор за поставувањето на системот за динамично купување. Овие критериуми, доколу е погодно, може попрецизно да бидат формулирани во поканата спомената во првиот потстав.

7. Систем за динамично купување не може да трае повеќе од четири години, освен во добро оправдани исклучителни случаи.

Договорни органи не можат да го користат овој систем за да спречат, ограничат или нарушат конкуренција.

Никакви трошоци не смеат да им се наплатуваат на заинтересираните економски оператори или страни во системот.

Член 34

Договори за јавни работи: посебни правила за субвенционирани станбени шеми

Во случајот на јавни договори во врска со проектирање и изградба на субвенционирани станбени шеми чија големина и сложеност и проценетото времетраење на опфатените работи бараат планирањето од почетокот да се заснова на тесна соработка во тим составен од претставници на договорните органи, експерти и изведувачот одговорен за извршување на работите, може да се усвои посебна постапка за избирање на изведувачот најподобен за интеграција во тимот.

Особено, договорните органи во известувањето за договор вклучуваат колку што е можно поточен опис на работите што треба да се извршат така што да им се овозможи на заинтересираните изведувачи да формираат целосна слика за проектот. Покрај тоа, договорните органи, во согласност со квалитативните критериуми за избор споменати во членовите од 45 до 52, ги

утврдуваат во такво известување за договор личните, техничките, економските и финансиските услови што треба да ги исполнат кандидатите.

Каде што е усвоена таква постапка, договорните органи ги применуваат членовите 2, 35, 36, 38, 39, 41, 42, 43 и од 45 до 52.

ПОГЛАВЈЕ VI

Правила за објавување и транспарентност

Дел 1

Објавување на известувања

Член 35

Известувања

1. Договорните органи ги стават на знаење, по пат на претходно информациско известување објавено од Комисијата или од нив на нивниот ’профил на купувач‘, како што се опишува во точка 2(б) од Анекс VIII:

(а) кога се во прашање добра, проценетата вкупна вредност на договорите или на рамковните спогодби по област на производ, која тие имаат намера да ја доделат во текот на следните 12 месеци, кога вкупната проценета вредност, имајќи ги предвид членовите 7 и 9, е еднаква или поголема од 750.000 евра.

Областа на производот се утврдува од страна на договорните органи во консултација со ЦПВ-номенклатурата;

(б) кога се во прашање добра, проценетата вкупна вредност на договорите или рамковните спогодби во секоја од категориите на услуги наброени во Анекс II А кои имаат намера да ги доделат во текот на следните 12 месеци, каде што таквата проценета вкупна вредност, имајќи ги предвид одредбите од член 7 и 9, е еднаква или поголема од 750.000 евра;

(в) кога се во прашање работи, основните карактеристики на договорите или на рамковните спогодби, кои тие имаат намера да ги доделат, чија проценета вредност е еднаква или поголема од прагот во член 7, имајќи го предвид член 9.

Известувањата споменати во потставовите (а) и (б) се испраќаат до Комисијата или се објавуваат на профилот на купувач веднаш штом е можно по започнувањето на буџетската година.

Известувањето споменато во потстав (в) се испраќа до Комисијата или се објавува на профилот на купувач веднаш штом е можно по одлуката со која се одобрува планирањето на договорите за работи или рамковните спогодби што имаат намера да ги доделат договорните органи.

Договорните органи кои објавуваат претходно известување за договор на нивните профили на купувачи испраќаат електронски до Комисијата известување за објавувањето на претходното информациско известување на профил на купувач, во согласност со форматот и деталните постапки за испраќање известувања наведени во точка 3 од Анекс VIII.

Објавување на известувањата споменати во потставовите (а), (б) и (в) е задолжително само кога договорните органи ја користат опцијата на скратување на роковите за приемот на понуди како што е утврдено во член 38(4).

Овој став не се применува на постапки со преговарање без претходното објавување известување за договор.

2. Договорни органи кои сакаат да доделат јавен договор или рамковна спогодба со отворен повик, ограничен повик или, според условите утврдени во член 30, постапка со преговарање со објавувањето известување за договор или, според условите утврдени во член 29, конкурентен дијалог, ја стават на знаење нивната намера по пат на известување за договор.

3. Договорни органи кои сакаат да постават систем за динамично купување ја стават на знаење нивната намера по пат на известување за договор.

Договорни органи кои сакаат да доделат договор врз основа на систем за динамично купување ја ставаат на знаење нивната намера по пат на поедноставено известување за договор.

4. Договорни органи кои доделиле јавен договор или склучиле рамковна спогодба испраќаат известување за резултатите од постапката за доделување најдоцна за 48 дена по доделувањето на договорот или склучувањето на рамковната спогодба.

Во случајот на рамковни спогодби склучени во согласност со член 32, договорните органи не се обврзани да испратат известување за резултатите од постапката за доделување за секој договор врз основа на таа спогодба.

Договорни органи испраќаат известување за резултатите од доделувањето договори врз основа на систем за динамично купување за 48 дена од доделувањето на секој договор. Меѓутоа, тие можат да ги групираат таквите известувања на квартална основа. Во тој случај, тие ги испраќаат групните известувања за 48 дена од крајот на секој квартал.

Во случајот на јавни договори за услуги набројани во Анекс II Б, договорните органи во известувањето наведуваат дали се согласуваат со нивно објавување. За таквите договори за услуги, Комисијата ги составува правилата за изготвување статистички извештаи врз основа на такви известувања и за објавувањето на тие извештаи во согласност со постапката утврдена во член 77(2).

Одредени информации за доделувањето договори или склучувањето рамковни спогодби може да бидат задржани од објавување кога пуштањето такви информации би ја попречувала примената на правото или инаку би била спротивна на јавниот интерес, би ги повредувала законските комерцијални интереси на економски оператори, јавни или приватни, или може да штети на праведната конкуренција меѓу нив.

Член 36

Форма и начин на објавување известувања

1. Известувањата ги опфаќаат информациите споменати во Анекс VII А и, спрема потребата, сите други информации кои договорните органи ги сметаат за корисни во форматот на стандардните обрасци усвоена од Комисијата во согласност со постапката од член 77(2).

2. Известувања испратени од договорни органи до Комисијата се испраќаат или преку електронски средства во согласност со форматот и постапката за пренос наведена во Анекс VIII, став 3, или преку други средства. Во случај на прибегнување кон забрзаната постапка утврдена во член 38(8), известувања мора да се испраќаат или преку телефакс или преку електронски средства, во согласност со форматот и постапката за пренос наведена во точка 3 од Анекс VIII.

Известувања се објавуваат во согласност со техничките карактеристики за објавување утврдени во точка 1(а) и (б) од Анекс VIII.

3. Известувања составени и пренесени преку електронски средства во согласност со форматот и постапката за пренос наведена во точка 3 од Анекс VIII се објавуваат најдоцна за пет дена откако се испратени.

Известувања кои не се пренесени преку електронски средства во согласност со форматот и постапката за пренос наведена во точка 3 од Анекс VIII се објавуваат најдоцна за 12 дена откако се испратени, или во случајот на забрзана постапка спомената во член 38(8), најдоцна за пет дена откако се испратени.

4. Известувања за договори се објавуваат целосно на службен јазик на Заедницата кој е избран од договорниот орган, при што оваа верзија на оригиналниот јазик го претставува единствениот автентичен текст. Резиме на важните елементи од секое известување се објавува на другите службени јазици.

Трошоците на Комисијата за објавување на овие известувања ги поднесува Заедницата.

5. Известувањата и нивната содржина не смеат да се објавуваат на национално ниво пред датумот на кој се испратени до Комисијата.

Известувања објавени на национално ниво нема да содржат информации освен оние содржани во известувањата испратени до Комисијата или објавени на профил на купувач во согласност со првиот потстав од член 35(1), но го споменуваат датумот на испраќање на известувањето до Комисијата или неговото објавување на профилот на купувач.

Претходни информациски известувања не смеат да се објавуваат на профил на купувач пред да се испрати до Комисијата известување за нивно објавување во таа форма; во нив се споменува датумот на тоа испраќање.

6. Содржината на известувања кои не се испратени преку електронски средства во согласност со форматот и постапката за пренос наведена во точка 3 од Анекс VIII се ограничени на приближно 650 збора.

7. Договорните субјекти мора да бидат во можност да обезбедат доказ за датумите на кои се испратени известувањата.

8. Комисијата му дава на договорниот орган потврда за објавувањето на испратените информации, во која го споменува датумот на тоа објавување. Таквата потврда претставува доказ за објавувањето.

Член 37

Незадолжително објавување

Договорните органи, согласно член 36, можат да објавуваат известувања за јавни договори кои не подложат на барањата за објавување утврдени во оваа директива.

Дел 2

Временски рокови

Член 38

Временски рокови за прием на барања за учество и за прием на понуди

1. При определувањето на временските рокови за приемот на понуди и барањата за учество, договорните органи водат сметка особено за сложеноста на договорот и времето потребно за составување понуди, без да се повредуваат минималните временски рокови поставени со овој член.

2. Во случајот на отворен повик, минималниот временски рок за прием на понуди е 52 дена од датумот на кој било испратено известувањето за договор.

3. Во случајот на ограничен повик, постапки со преговарање без објавување известување за договор споменати во член 30 и конкурентниот дијалог:

(а) минималниот временски рок за прием на барања за учество е 37 дена од датумот на кој е испратено известувањето за договор;

(б) во случајот на ограничен повик, минималниот временски рок за приемот на понуди е 40 дена од датумот на кој е испратена поканата.

4. Кога договорните органи објавиле претходно информациско известување, минималниот временски рок за приемот на понуди според ставовите 2 и 3(б), како општо правило, може да биде скратен на 36 дена, но под ниедни околности на помалку од 22 дена.

Временскиот рок тече од датумот на кој било испратено известувањето за договор, во отворен повик, и од датумот на кој била испратена поканата за учество на тендер со ограничен повик.

Скратените временски рокови споменати во првиот потстав ќе бидат дозволени ако претходното информациско известување ги опфаќало сите потребни информации за известувањето за договор во Анекс VII А, сè додека тие информации се достапни во времето на објавување на известувањето и претходното информациско известување било испратено за објавување помеѓу 52 дена и 12 месеци пред датумот на кој било испратено известувањето за договор.

5. Онаму каде што известувања се составени и пренесени преку електронски средства во согласност со форматот и постапката за пренос наведени во точка 3 од Анекс VIII, временските

рокови за приемот на понуди од ставовите 2 и 4 за отворен повик и временските рокови за приемот на барања за учество од став 3(а) може да се скратат за седум дена.

6. Временските рокови за прием на понуди споменати во ставовите 2 и 3(б) може да се намалат за пет дена онаму каде што договорниот орган нуди неограничен и целосен директен пристап преку електронски средства до договорните документи и сите дополнителни документи од датмот на објавување на известувањето, во согласност со Анекс VIII, специфицирајќи ги во текстот на известувањето Интернет-адресите на кои е достапна оваа документација.

Ова намалување може да се додаде на она споменато во став 5.

7. Ако од какви било причини спецификациите и придружните документи или дополнителни информации, иако навремено побарани, не се обезбедени во временските рокови утврдени во членовите 39 и 40, или каде што понуди можат да се прават само по посета на локацијата или преглед на самото место на документите што ги придружуваат договорните документи, временските рокови за приемот на понуди се продолжува за да можат сите соодветни економски оператори да бидат свесни за сите информации потребни за да се изведат понуди.

8. Во случајот на ограничен повик или постапки со преговарање со објавување известување за договор споменати во член 30, онаму каде што итност доведува до неприменливост на временските рокови утврдени во овој член, договорните органи можат да определат:

(а) временски рок за приемот на барањата за учество, кој не смее да биде помалку од 15 дена од датумот на кој било испратено известувањето за договор, или помалку од 10 дена ако известувањето било испратено преку електронски средства, во согласност со форматот и постапката за испраќање известувања наведени во точка 3 од Анекс VIII;

(б) и, во случајот на ограничен повик, временски рок за приемот на понуди кој нема да биде помалку од 10 дена од датумот на поканата за учество на тендер.

Член 39

Отворен повик: спецификации, дополнителни документи и информации

1. Во отворен повик, онаму каде што договорните органи не нудат неограничен и целосен директен пристап преку електронски средства до спецификациите и сите придружни документи, во согласност со член 38(6), спецификациите и дополнителните документи се испраќаат до економски оператори за шест дена од прием на барањето за учество, под услов барањето да е дадено навреме пред крајниот рок за поднесување понуди.

2. Под услов да се побарани навреме, договорните субјекти или надлежните сектори обезбедуваат дополнителни информации во врска со спецификациите и сите придружни документи најдоцна за шест дена пред крајниот рок определен за приемот на понудите.

Дел 3

Содржина на информации и средства за пренос

Член 40

Покани за поднесување понуда, учество во дијалогот или преговарање

1. Во ограничен повик, постапки со конкурентен дијалог и постапки со преговарање со објавување известување за договор во смисла на член 30, договорните органи истовремено и во писмена форма ги поканuваат избраните кандидати да ги поднесат своите понуди или да преговараат или, во случајот на конкурентен дијалог, да учествуваат во дијалогот.

2. Поканата за кандидатите вклучува или:

- копија од спецификациите или од описниот документ и сите придружни документи, или

- упатување на увид во спецификациите и другите документи наведени до првата алинеја кога тие се директно достапни преку електронски средства во согласност со член 38(6).

3. Онаму каде што субјект различен од договорниот орган одговорен за постапката на доделување ги има спецификациите, описниот документ и/или некакви придружни документи, во поканата се наведува адресата на која може да се побараат тие спецификации, тој описен документ и тие

документи и, по потреба, крајниот рок за барање такви документи, износот што треба да се плати за да се добијат и секаква постапка за плаќање. Надлежната институција по прием на барање, без одложување, ја испраќа таа документација на економскиот оператор.

4. Дополнителните информации на спецификациите, описниот документ или придружните документи, договорниот орган или надлежната институција ги испраќа за не помалку од шест дена пред крајниот рок определен за прием на понуди, под услов навреме да се побарани. Во случајот на ограничена или забрзана постапка, тој период ќе биде 4 дена.

5. Покрај тоа, поканата да се поднесе понуда, да се учествува во дијалог или да се преговара мора да содржи најмалку:

(а) упатување на објавеното известување за договор;

(б) крајниот рок за прием на понудите, адресата на која мора да бидат испратени понудите и јазикот или јазиците на кои мора да бидат составени понудите;

(в) во случај на конкурентен дијалог, датумот и адресата определени за почеток на консултациите и користениот јазик или јазици;

(г) упатување на сите можни дополнителни придружни документи кои треба да се поднесат, било како поддршка на изјави на понудувачот кои можат да се проверат, во согласност со член 44, било како дополнување на информациите споменати во тој член, и под условите утврдени во членовите 47 и 48;

(д) соодветните коефициенти за критериуми за доделувањето на договорот или, по потреба, тие критериуми по опаѓачки редослед на значење, доколку не се дадени во известувањето за договор, спецификациите или описниот документ.

Сепак, во случајот на договори доделени во согласност со правилата утврдени во член 29, информациите споменати погоре во (б) нема да се појават во поканата да се учествува во дијалогот, но ќе се појават во поканата да се поднесе понуда.

Член 41

Информирање кандидати и понудувачи

1. Договорните органи веднаш штом ќе биде можно, ги информираат кандидатите и понудувачите за одлуките постигнати во врска со склучувањето рамковна спогодба, доделувањето на договорот или прием во систем за динамично купување, вклучувајќи ги сите основи за секоја одлука да не се склучи рамковна спогодба или додели договор за кој постои повик за конкурс или повторно да се почне постапка или спроведе систем за динамично купување; таа информација се дава во писмена форма по барање до договорните органи.

2. По барање на соодветната страна, договорниот орган што е можно побрзо го информира:

- секој неуспешен кандидат за причините за одбивањето на неговата пријава,

- секој неуспешен понудувач за причините за одбивањето на неговата понуда, вклучувајќи ги и случаите споменати во член 23, ставови 4 и 5, причините за својата одлука за нееднаквост или својата одлука дека работите, добрата или услугите не ги исполнуваат барањата за извршување или функционалните барања,

- секој понудувач кој дал прифатлива понуда за карактеристиките и релативната предност на избраната понуда, како и името на најуспешниот понудувач или страните во рамковната спогодба.

Потребното време под ниедни околности не смее да надминува 15 дена од прием на писменото барање.

3. Сепак, договорните органи можат да одлучат да задржат одредени информации споменати во став 1, кои се однесуваат на доделувањето договори, склучувањето рамковни спогодби или прием во систем за динамично купување, кога пуштањето такви информации би ја попречувала примената на правото, инаку би била спротивна на јавниот интерес, би ги повредувала законските комерцијални интереси на економски оператори, било јавни или приватни, или може да ја повредува праведната конкуренција меѓу нив.

Дел 4

Комуникација

Член 42

Правила што се применуваат на комуникацијата

1. Целата комуникација и размена на информации опфатена во овој наслов може да биде преку пошта, преку факс, преку електронски средства, согласно ставовите 4 и 5, преку телефон во случаите и околностите споменати во став 6 или преку комбинација на овие средства, според изборот на договорниот орган.

2. Избраните средства за комуникација мора да бидат општо достапни и, според тоа, да не го ограничуваат пристапот на економски оператори до постапката за прибирање понуди.

3. Комуникацијата и размената, како и складирањето информации се спроведува на начин со кој ќе се обезбеди да бидат зачувани интеграцијата на податоците и доверливоста на понудите и барањата за учество, а договорните органи да ја прегледуваат содржината на понудите и барањата за учество само откако ќе истече временскиот рок утврден за нивно поднесување.

4. Алатките што се користат за комуницирање преку електронски средства, како и нивните технички карактеристики, мора да бидат недискриминаторски, општо достапни и оперативни со производите на информацискатa и комуникацискатa технологија кои се во општа употреба.

5. Следниве правила се применливи за уреди за електронски пренос и прием на понуди и уреди за електронски прием на барања за учество:

(а) информации кои се однесуваат на спецификации неопходни за електронското поднесување понуди и барања за учество, вклучително и шифри, ќе бидат достапни на заинтересираните страни. Покрај тоа, уредите за електронски прием на понуди и барања за учество треба да ги исполнуваат барањата од Анекс X;

(б) Земји-членки, во согласност со член 5 од Директива 1999/93/ЕЗ, можат да бараат електронските понуди да бидат придружени со софистициран електронски потпис во согласност со став 1 од него;

(в) Земји-членки можат да воведат или одржуваат доброволни шеми за акредитација насочени кон зајакнување на нивото на обезбедување на услугата на давање сертификат за овие уреди;

(г) понудувачи или кандидати се залагаат, пред истекот на временскиот рок утврден за поднесување на понуди или барања за учество, да ги поднесат документите, сертификатите и изјавите споменати во членовите од 45 до 50 и член 52 ако тие не постојат во електронска форма.

6. Следниве правила се применуваат на преносот на барања за учество:

(а) барања за учество во постапки за доделување јавни договори може да се направи во писмена форма или преку телефон;

(б) каде што барања за учество се направени преку телефон, мора да се испрати писмена потврда пред истекот на временскиот рок утврден за нивен прием;

(в) договорните органи може да бараат барањата за учество направени преку факс да мора да бидат потврдени преку пошта или преку електронски средства, кога ова е неопходно за целите на правен доказ. Секое вакво барање, заедно со временскиот рок за испраќање потврда преку пошта или електронски средства, мора да биде наведено од договорниот орган во известувањето за договор.

Дел 5

Извештаи

Член 43

Содржина на извештаите

За секој договор, рамковна спогодба и секое воспоставување систем за динамично купување, договорните органи составуваат писмен извештај кој го вклучува најмалку следново:

(а) називот и адресата на договорниот орган, предметот и вредноста на договорот, рамковната спогодба или системот за динамично купување;

(б) имињата на успешните кандидати или понудувачи и причините за нивен избор;

(в) имињата на одбиените кандидати или понудувачи и причините за нивно одбивање;

(г) причините за одбивање понуди за кои се смета дека биле невообичаено ниски;

(д) името на успешниот понудувач и причините поради кои неговата понуда била избрана и, доколку е познато, делот од договорот или рамковната спогодба за кој успешниот понудувач има намера да склучи поддоговор со трети страни.

(ѓ) за постапки со преговарање, околностите споменати во членовите 30 и 31 кои го оправдуваат користењето на овие постапки;

(е) што се однесува до конкурентниот дијалог, околностите како што се утврдени со член 29 кои го оправдуваат користењето на оваа постапка;

(ж) доколку е потребно, причините поради кои договорниот орган одлучил да не додели договор или рамковна спогодба или да воспостави систем за динамично купување;

Договорните органи ги преземаат сите соодветни мерки за да го документираат напредувањето на постапките за доделување кои се вршат преку електронски средства.

Извештајот, или неговите главни особини, се доставува до Комисијата доколку таа го бара тоа.

ПОГЛАВЈЕ VII

Спроведување на постапката

Дел 1

Општи одредби

Член 44

Утврдување на способноста и избор на учесници и доделување договори

1. Договорите се доделуваат врз основа на критериумите утврдени во членовите 53 и 55 и имајќи го предвид член 24, откако договорните органи ќе ја проверат способноста на економските оператори кои не се исклучени согласно со членовите 45 и 46, согласно со критериумите за економска и финансиска состојба, за професионална и техничка компетентност или способност наведени во членовите од 47 до 52, и согласно со правилата и критериумите за недискриминација наведени во став 3, каде што е соодветно.

2. Договорните органи може да бараат од кандидатите и од понудувачите да ги исполнуваат минималните нивоа на капацитет во согласност со членовите 47 и 48.

Степенот на информации наведени во членовите 47 и 48 и минималните нивоа на способност потребни за конкретен договор мора да биде поврзан и пропорционален со предметот на договорот.

Овие минимални нивоа се наведуваат во известувањето за договор.

3. Во постапка со ограничен повик, постапка со преговарање со објавување известување за договор и во постапка со конкурентен дијалог, договорните органи можат да го ограничат бројот на способни кандидати кои ќе ги покани да поднесат понуда, да преговараат или да учествуваат во дијалог, под услов да има доволен број способни кандидати. Договорните органи ги наведуваат во известувањето за договор целта и критериумите или правилата за недискриминација што планираат да ги применуваат, минималниот број кандидати што планираат да ги поканат и, каде што е соодветно, максималниот број кандидати.

Во постапка со ограничен повик, минималниот број е пет. Во постапка со преговарање со објавување известување за договор и постапка со конкурентен дијалог, минималниот број е три. Во секој случај, бројот на кандидати што се повикани да учествуваат треба да е доволен за да се обезбеди вистинска конкуренција.

Договорните органи ги поканuваат најмалку минималниот број кандидати кој е однапред поставен. Кога бројот на кандидати што ги исполнува критериумите за избор и минималните нивоа за способност е под минималниот број, договорниот орган може да ја прекине постапката со тоа што ќе го покани кандидатот (кандидатите) со потребните способности. Во контекст на оваа иста постапка, договорниот орган не може да вклучи други економски оператори кои не побарале да учествуваат или кандидати кои ги немаат потребните способности.

4. Кога договорните органи ја избираат опцијата да го намалат бројот на решенија за дискусија или бројот на понуди за преговарање, како што е утврдено во членовите 29(4) и 30(4), тие го прават тоа со примена на критериумите утврдени во известувањето за договор, во спецификациите или во описниот документ. Бројот што ќе се добие во последната фаза треба да е доволен за вистинска конкуренција, до степен колку што има доволно решенија или способни кандидати.

Дел 2

Критериуми за квалитативна селекција

Член 45

Лична ситуација на кандидатот или понудувачот

1. Сите кандидати или понудувачи за кои е изречена конечна пресуда за една или за повеќе од причините наведени подолу, и договорниот орган знае за тоа, се исклучуваат од учество во јавен договор:

(а) учество во криминална организација, како што е дефинирана во член 2(1) од Заедничката акција на Советот 98/733/ЈНА[1];

(б) корупција, како што е дефинирана во член 3 од Законот на Советот од 26 мај 1997 година[2] и во член 3(1) од Заедничката акција на Советот 98/742/ЈНА[3], соодветно;

(в) измама со значење од член 1 од Конвенцијата за заштита на финансиските интереси на Европските заедници[4];

(г) перење пари, како што е дефинирано во член 1 од Директива 91/308/ЕЕЗ на Советот од 10 јуни 1991 година за спречување употреба на финансискиот систем за целите на перење пари[5].

Земјите-членки ги специфицираат, согласно со нивното национално законодавство и имајќи го предвид законодавството на Заедницата, условите за спроведување на овој став.

Тие може да не го земат предвид условот од првиот став за општ интерес.

За целите на овој став, договорните органи, каде што е соодветно, бараат од кандидатите или од понудувачите да ги обезбедат документите наведени во став 3 и може, кога се сомневаат во личната ситуација на такви кандидати или понудувачи, да побараат од надлежни органи какви било информации што сметаат дека се неопходни за личната ситуација на кандидатите или понудувачите за кои станува збор. Кога информациите се за кандидат или за понудувач чие главно седиште е во држава различна од државата на договорниот орган, договорниот орган може да побара соработка со надлежните органи. Имајќи го предвид националното законодавство на земјата-членка каде што се наоѓа главното седиште на кандидатите или понудувачите, овие барања се поднесуваат до правни и/или физички лица, вклучувајќи, доколку е соодветно, директори на компании и кои било лица што имаат овластување за репрезентација, донесување одлуки или контрола во однос на кандидатот или понудувачот.

2. Секој економски оператор може да се исклучи од учество во договор доколку:

(а) е банкрот или е во процес на ликвидација, при што неговите активности ги спроведува суд, има аранжман со доверители, неговите деловни активности се суспендирани или е во слична ситуација која е резултат на слична постапка според националното законодавство;

(б) е во постака за прогласување банкрот, постапка за одлука за задолжителна ликвидација или судска управа или е во аранжман со доверители или во каква било слична постапка согласно со националното законодавство;

(в) е обвинет со пресуда која има сила на рес јудиката (правосилна пресуда) во согласност со правните одредби на земјата за каков било прекршок во врска со неговото професионално однесување;

(г) е виновен за сериозен професионален прекршок докажан со какви било средства што може да ги прикажат договорните органи;

(д) не ги исполнил обврските во врска со плаќање придонеси за социјално осигурување во согласност со правните одредби на земјата во која се наоѓа главното седиште или со одредбите на земјата на договорниот орган;

---

[1] Сл. весник L 351, 29.12.1998 год., стр. 1.
[2] Сл. весник C 195, 25.6.1997 год., стр. 1.
[3] Сл. весник L 358, 31.12.1998 год., стр. 28.
[4] Сл. весник C 316, 27.11.1995 год., стр. 48
[5] Сл. весник L 166, 28.6.1991 год., стр.77. Директива последно изменета со Директива 2001/97/ЕЗ на Европскиот парламент и Советот од 4 декември 2001 (Сл. весник L 344, 28.12.2001 год., стр. 76)

(ѓ) не ги исполнил обврските во врска со плаќање даноци согласно со правните одредби на земјата во која се наоѓа неговото главно седиште или со одредбите на земјата на договорниот орган;

(е) е виновен за сериозно лажно претставување при доставување на информациите потребни согласно со овој дел или не ги доставил таквите информации.

Земјите-членки ги специфицираат, согласно со нивното национално законодавство и имајќи го предвид законодавството на Заедницата, условите за спроведување на овој став.

3. Договорните органи го прифаќаат следново како доволен доказ дека ниеден од случаите утврдени во ставовите 1 или 2 (а), (б), (в), (д), или (ѓ) не се однесува на економскиот оператор:

(а) во случај на ставовите 1 и 2(а), (б) и (в), извадок од „судска евиденција“ или, доколку не постои таква евиденција, каков било документ издаден од надлежен судски или административен орган во земјата на потекло или во земјата од каде што доаѓа лицето кое прикажува дека ги исполнува овие барања;

(б) во случај на став 2(д) или (ѓ), сертификат издаден од надлежен орган во односната земја-членка.

Кога земјата за која станува збор не издава такви документи или сертификати, или кога таквите документи или сертификати не ги опфаќаат сите случаи наведени во ставовите 1 и 2 (а), (б) и (в), тие може да се заменат со заверена изјава или, во земјите-членки каде што нема правна одредба за заверена изјава, со изјава дадена од лицето пред надлежен судски или административен орган, нотар или надлежно професионално или трговско тело, во земјата на потекло или во земјата од каде што е лицето.

4. Земјите-членки ги назначуваат органите и телата кои можат да ги издаваат документите, сертификатите или изјавите наведени во став 3 и ја известуваат за тоа Комисијата. Ова известување не е во спротивност со законот за заштита на податоци.

Член 46

Способност за извршување на професионалните активности

Од сите економски оператори кои сакаат да учествуваат во јавен договор може да се побара да го докажат нивното членство, како што е пропишано во земјата-членка каде што се наоѓа нивното седиште, во еден од професионалните или трговски регистри или да достават заверена изјава или сертификат како што е пропишано во Анекс IX А за договори за јавни работи, во Анекс IX Б за договори за јавни стоки и Анекс IX В за договори за јавни услуги.

Во постапките за доделување договори за јавни услуги, до степен до кој кандидатите или понудувачите мора да имаат конкретно овластување или да бидат членови на одредена организација за да можат да ја обезбедат услугата за која станува збор во нивната земја на потекло, договорниот орган може да побара од нив да докажат дека имаат такво овластување или членство.

Член 47

Економска и финансиска состојба

1. Како општо правило, доказ за економската и финансиската ситуација на економските оператори може да биде една или повеќе од следниве референци:

(а) соодветни банкарски извештаи или, кога е соодветно, доказ за релевантно професионално осигурување од ризик;

(б) прикажување биланси на состојба или извадоци од биланси на состојба, во случаи кога објавувањето биланс на состојба е пропишано со законодавството на земјата во која е основан економскиот оператор;

(в) извештај за вкупниот промет на претпријатието и, кога е соодветно, прометот во областа опфатена со договорот за максимум трите последни години за кои се расположливи ваквите

информации, во зависност од датумот на кој е основано претпријатието или на кој економскиот оператор започнал со трговија, до степен до кој се расположливи податоците за прометот.

2. Економскиот оператор, кога е соодветно и за одреден договор, може да се поткрепи на капацитетот на други субјекти, без оглед на правната природа на врските со тие субјекти. Во таков случај, тој мора да докаже пред договорниот орган дека ќе ги има на располагање потребните ресурси, на пример, тие субјекти да основаат претпријатие за таа цел.

3. Под истите услови, група економски оператори како што е пропишано во член 4 може да се потпре на капацитетите на учесници во групата или на други субјекти.

4. Договорните органи ја специфицираат референцата или референците наведени во став 1 што ги избрале и кои други референци треба да се достават во известувањето за договор или во поканата за учество во тендер.

5. Доколку поради каква било валидна причина економскиот оператор не е во можност да ги достави референците кои ги бара договорниот орган, тој може да ја докаже својата економска и финансиска ситуација со кој било друг документ за кој договорниот орган смета дека е соодветен.

Член 48

Техничка и/или професионална способност

1. Техничките и/или професионалните способности на економските оператри се оценуваат и испитуваат согласно со ставовите 2 и 3.

2. Доказ за техничките способности на економските оператори може да се достави на еден или повеќе од следниве начини во зависност од природата, квантитетот или значењето и употребата на работите, добрата или услугите:

(а)

(i) листа на работи извршени во последните пет години заедно со сертификати за задоволително извршување на најзначајните работи. Во овие сертификати е наведена вредноста, датумот и местото на извршување на работите и се наведува дали работите биле извршени во согласност со трговските прописи и дали биле прописно завршени. Кога е соодветно, надлежниот орган ги поднесува овие сертификати директно со договорниот орган;

(ii) листа на поважни испораки на стоки или услуги обезбедени во последните три години заедно со нивниот износ, датуми и вклучени корисници на стоките или услугите, јавни или приватни. Доказот за доставување на стоките и обезбедување на услугите се доставува:

- кога корисникот бил договорен орган, во форма на сертификати издадени или потпишани од надлежниот орган,

- кога корисникот бил приватен купувач, во форма на сертификат од купувачот или, доколку не постои таква форма, едноставна изјава од економскиот оператор;

(б) напомена на вклучените техничари или технички органи, без оглед на тоа дали директно припаѓаат на претпријатието на економскиот оператор, особено оние што се одговорни за контрола на квалитет и, во случај на договори за јавни работи, оние што може да ги повика изведувачот за да ги извршат работите;

(в) опис на техничките услови и мерки што ги користи доставувачот на стоки или обезбедувачот на услуги за да обезбеди квалитет и опис на условите на претпријатието за истражување и учење;

(г) кога производите или услугите што треба да се обезбедат се сложени или во посебни случаи се потребни за конкретна цел, договорните органи или надлежен официјален орган во нивно име од земјата во која е основан доставувачот или обезбедувачот на услуги,

предмет на согласност на таквиот орган, вршат проверка на производствените капацитети на доставувачот или техничките капацитети на обезбедувачот на услуги и, доколку е потребно, проверка на инструментите за истражување и учење што ги има на располагање и на мерките што ги применува за контрола на квалитет;

(д) едукативните и професионалните квалификации на обезбедувачот на услуги или на изведувачот и/или квалификациите на раководниот персонал на претпријатието, особено на лицето или лицата одговорни за обезбедување на услугите или за управување со работата;

(ѓ) за договорите за јавни работи и договорите за јавни услуги, и единствено во соодветни случаи, напомена на мерките за заштита на животната средина што ќе ги применува економскиот оператор при реализација на договорот;

(е) извештај за просечната годишна работна сила на обезбедувачот на услуги или изведувачот и за бројот на раководен персонал за последните три години;

(ж) извештај за инструментите, постројката или техничката опрема што ги има на располагање обезбедувачот на услуги или изведувачот за реализација на договорот;

(з) напомена на делот од договорот што има намера обезбедувачот на услуги да го даде на произведувач;

(ѕ) во однос на стоките што треба да се достават:

(i) примероци, опис и/или фотографии чија автентичност мора да биде заверена доколку го побара тоа договорниот орган;

(ii) сертификати издадени од официјални институти или агенции за контрола на квалитет со реномирана компетентност за атестирање на сообразноста на производите, јасно идентификувана со референците на спецификациите или на стандардите.

3. Економскиот оператор, кога е соодветно и за одреден договор, може да се поткрепи на капацитетот на други субјекти, без оглед на правната природа на врските со тие субјекти. Во таков случај, тој мора да докаже пред договорниот орган дека ќе ги има на располагање ресурси потребни за реализација на договорот, на пример, тие субјекти да основаат претпријатие кое ќе ги стави потребните ресурси на располагање на економскиот оператор.

4. Под истите услови, група економски оператори, како што е пропишано во член 4, може да се потпрат на способностите на учесници во групата или на други субјекти.

5. Во постапките за доделување јавни договори, чија цел се стоки за кои е потребно лоцирање на простор или инсталациски работи, прометот на услуги и/или изведувањето на работите, способноста на економските оператори да ја обезбедат услугата или да ја извршат инсталацијата или работата може да се оцени особено во однос на нивните вештини, ефикасност, искуство и веродостојност.

6. Во известувањето за договор или во поканата за учество на тендер, договорниот орган ги наведува референците од став 2 што сака да бидат доставени.

Член 49

Стандарди за гаранција на квалитет

Доколку договорните органи бараат сертификат издаден од независни тела за атестирање на придржувањето на економскиот оператор кон одредени стандарди за гаранција на квалитетот, тие ги посочуваат системите за гаранција на квалитет засновани на релевантната серија европски стандарди овластени од телата кои се придржуваат кон серијата европски стандарди за сертификација. Тие ги признаваат еквивалентните сертификати од телата основани во други земји-членки. Тие, исто така, прифаќаат од економските оператори други докази за еквивалентни мерки за гаранција на квалитетот.

Член 50

Стандарди за управување со животната средина

Во случаите наведени во член 48(2)(ѓ), доколку договорните органи бараат сертификат издаден од независни тела за атестирање на придржувањето на економскиот оператор кон одредени стандарди за управување со животната средина, тие ја посочуваат Програмата за управување со животната средина и ревизија на Заедницата или стандардите за управување со животна средина засновани на релевантните европски или меѓународни стандарди овластени од телата кои се придржуваат кон законодавството на Заедницата или кон меѓународните стандарди за сертификација. Тие ги признаваат еквивалентните сертификати од телата основани во други земји-членки. Тие, исто така, прифаќаат од економските оператори други докази за еквивалентни мерки за управување со животната средина.

Член 51

Дополнителна документација и информации

Договорниот орган може да ги повика економските оператори да ги дополнат или дообјаснат сертификатите и документите доставени согласно со членовите од 45 до 50.

Член 52

Официјални листи на одобрени економски оператори и сертификација од органите основани според јавно или според приватно право

1. Земјите-членки може да воведат одредби за официјални листи на одобрени изведувачи, доставувачи или вршители на услуги или сертификација од страна на тела за сертификација во јавното или во приватното право.

Земјите-членки ги приспособуваат условите за регистрација на овие листи и за издавање сертификати од страна на телата за сертификација во однос на одредбите во член 45(1), член 45(2) од (а) до (г) и (д), член 46, член 47(1) и (5), член 48(1), (2), (5) и (6), член 49 и, каде што е соодветно, член 50.

Земјите-членки, исто така, ги приспособуваат кон член 47(2) и член 48(3) во однос на апликациите за регистрација поднесени од економски оператори кои се дел од група и кои прикажуваат дека ресурсите на другите компании во групата им се дадени на располагање. Во таков случај, овие оператори мора да му докажат на органот што ја составува официјалната листа дека тие ќе ги имаат овие ресурси на располагање во периодот на важење на сертификатот со кој се потврдува дека тие се регистрирани во официјалната листа и дека во текот на истиот период овие компани и понатаму ќе ги исполнуваат условите за квалитативна селекција утврдени во членовите наведени во вториот потстав согласно со кој се регистрираат операторите.

2. Економските оператори кои се регистрирани на официјалните листи или кои имаат сертификат можат за секој договор да му достават на договорниот орган сертификат за регистрација издаден од надлежен орган или сертификат издаден од надлежно тело за сертификација. Во сертификатот се наведени референците согласно со кои тие се регистрирани на листата или добиле сертификат и класификацијата дадена на таа листа.

3. За целите на договорните органи на другите земји-членки, потврдената регистрација на официјалните листи од надлежните органи или сертификатот издаден од телото за сертификација не претставуваат претпоставка за способност освен во однос на член 45(1) и (2) од (а) до (г) и (е), член 46, член 47(1)(б) и (в), и член 48(2)(а)(i), (б), (д), (е) и (ж) во случај на изведувачи, (2)(а)(ii), (б, (в), (г) и (s) во случај на доставувачи на стока и 2(а)(ii) и од (в) до (з) во случај на вршители на услуги.

4. За информациите кои може да се заклучат од регистрација на официјалните листи или од сертификацијата, не се поставуваат прашања без оправдување. Во однос на плаќањето придонеси

за социјално осигурување и даноци, може да се побара дополнителен сертификат од кој било регистриран економски оператор кога ќе му се понуди договор.

Договорните органи на другите земји-членки го применуваат став 3 и првиот потстав од овој став само во корист на економските оператори основани во земјата-членка која ја има официјалната листа.

5. За која било регистрација на економските оператори од други земји-членки на официјалната листа или за нивна сертификација од страна на телата наведени во став 1, не се бара дополнителен доказ освен оние потребни за националните економски оператори и, во секој случај, само оние пропишани во членовите од 45 до 49 и, кога е соодветно, член 59.

Меѓутоа, од економските оператори од други земји-членки може да не се побара да извршат таква регистрација или сертификација за да учествуваат во јавен договор. Договорните органи ги признаваат еквивалентните сертификати од телата основани во други земји-членки. Тие, исто така, прифаќаат други еквивалентни докази.

6. Економските оператори може во секое време да побараат да се регистрираат на официјална листа или да им се издаде сертификат. Тие мора во разумен период да бидат известени за одлуката на органот кој ја подготвува листата или на надлежното тело за сертификација.

7. Телата за сертификација наведени во став 1 се тела кои ги применуваат европските стандарди за сертификација.

8. Земјите-членки кои имаат официјални листи или тела за сертификација како што е пропишано во став 1 имаат обрска да ја известат Комисијата и другите земји-членки за адресата на телото на која се испраќаат апликациите.

Дел 3

Доделување договор

Член 53

Критериуми за доделување договор

1. Без да е во спротивност со примената на националните закони, регулативи или административни одредби за надоместувањето за одредени услуги, критериумите на кои договорните органи ќе го базираат доделувањето на јавни договори се:

(а) кога договорот се доделува на економски најповолната понуда од гледиште на договорниот орган, различни критериуми поврзани со предметот на јавниот договор за кој станува збор, на пример, квалитет, цена, технички способности, естетски и фунцкионални карактеристики, еколошки карактеристики, оперативни трошоци, економичност, постпродажни услуги и техничка помош, датум на испорака и период на испорака или период за завршување, или

(б) само најниската цена.

2. Без да е во спротивност со примената на одредбите од третиот став, во случајот од став 1(а) договорниот орган го специфицира во известувањето за договор или во договорните документи или, во случај на конкурентен дијалог, во описниот документ, релативниот коефициент што го дава за секој од критериумите поставени за да се одреди економски најповолната понуда.

Овие коефициенти може да се изразат со обезбедување соодветен максимален распон.

Кога договорниот орган смета дека не е можно да се дадат коефициенти од очигледни причини, тој може да ги наведе критериумите, според опаѓачки редослед на значење, во известувањето за договор или во тендерските документи или, во случај на конкурентен дијалог, во описниот документ.

Член 54

Примена на електронска аукција

1. Земјите-членки може да пропишат одредби со кои се овозможува договорните органи да употребуваат електронска аукција.

2. Во постапка на отворен повик, ограничен повик или постапка со непосредно спогодување во случајот од член 30(1)(а), договорните органи може да одлучат дека доделувањето јавен договор ќе се врши преку електронска аукција кога тендерските спецификации може да се утврдат со прецизност.

Под истите услови, електронска аукција може да се одржи на повторно отворање натпревар меѓу страните на рамковна спогодба како што е утврдено во втората алинеја од вториот потстав од член 32(4) и на отворање натпревар за договори што треба да се доделат според систем на динамично купување наведен во член 33.

Електронската аукција се заснова на следново:

- единствено на цените кога договорот се доделува на понудата со најниска цена,

- или на цените и/или на новите вредности на карактеристиките на понудите наведени во спецификацијата кога договорот се доделува на економски најповолната понуда.

3. Договорните органи кои ќе одлучат да одржат електронска аукција го наведуваат овој факт во известувањето за договор.

Меѓу другото, спецификациите ги содржат и следниве детали:

(а) карактеристиките чии вредности ќе бидат предмет на електронска аукција, под услов таквите карактеристики да можат да бидат квантификувани и изразени во цифри или проценти;

(б) сите лимити на вредности кои може да се поднесат, бидејќи тие се резултат на спецификациите поврзани со предметот на договорот;

(в) информациите кои ќе им бидат достапни на понудувачите во текот на електронската аукција и, кога е соодветно, кога ќе им бидат достапни;

(г) релевантните информации за процесот на електронска аукција;

(д) условите во кои понудувачите ќе можат да поднесуваат понуди и, особено, минималните разлики кои би биле потребни при доставувањето понуди, во случаи кога е соодветно;

(ѓ) релевантните информации за електронската опрема што се употребува и аранжманите и техничките спецификации за поврзување.

4. Пред да се продолжи со електронска аукција, договорните органи вршат целосна евалуација на понудите во согласност со поставениот критериум/критериуми за доделување договор и со коефициентите дадени за тие критериуми.

Сите понудувачи кои поднеле прифатливи понуди истовремено се повикуваат електронски да поднесат нови цени и/или нови вредности; повикот ги содржи сите релевантни информации за индивидуалното поврзување со електронската опрема што се користи и се наведува датумот и времето на почетокот на електронската аукција. Електронската аукција може да се одржи во повеќе последователни фази. Електронската аукција не може да започне порано од два дена по датумот на кој е испратена поканата за учество на тендер.

5. Кога договорот треба да се додели врз основа на економски најповолната понуда, повикот е придружен со резултатот од целосна евалуација на релевантниот понудувач, спроведена во согласност со коефициентите утврдени во првиот потстав од член 53(2).

Во повикот, исто така, се наведува и математичката формула што ќе се применува во електронската аукција за да се утврдат автоматските повторни рангирања врз основа на поднесените нови цени и/или нови вредности. Оваа формула ги опфаќа коефициентите за сите критериуми поставени за да се утврди економски најповолната понуда, како што е наведено во

известувањето за договор или во спецификациите; за таа цел, сите распони се намалуваат претходно на одредена вредност.

Кога се дозволени варијанти, се дава посебна формула за секоја варијанта.

6. Во текот на секоја фаза на електронската аукција, договорните органи веднаш ги пренесуваат до сите понудувачи информациите кои во најмала мера се доволни за да им се овозможи на понудувачите да го дознаат својот релативен ранг во секој момент. Тие, исто така, може да пренесат и други информации за други поднесени цени или вредности, под услов да е наведено тоа во спецификациите. Исто така, во секое време може да го објават бројот на учесници во таа фаза на аукцијата. Меѓутоа, во ниеден случај не смеат да го откријат идентитетот на понудувачите во ниедна фаза од електронската аукција.

7. Договорните органи кои ја затвораат електронска аукција на еден или повеќе од следниве начини:

(а) го наведуваат однапред утврдениот датум и време во поканата за учество на аукција;

(б) кога ќе прекинат да добиваат нови цени или нови вредности кои ги исполнуваат условите за минимални разлики. Во тој случај, договорните органи го наведуваат во поканата за учество на аукција периодот што ќе дозволат да помине по приемот на последната апликација пред да ја затворат електронската аукција;

(в) кога ќе завршат сите фази на аукцијата однапред утврдени во поканата за учество на аукција.

Кога договорните органи ќе одлучат да ја затворат електронската аукција во согласност со потстав (в), по можност во комбинација со аранжманите утврдени во потстав (б), во поканата за учество во аукцијата се наведува временскиот распоред за секоја фаза на аукцијата.

8. По затворање на електронската аукција, договорните органи го доделуваат договорот согласно член 53 и врз основа на резултатите од електронската аукција.

Договорните органи не смеат да ја водат неправилно електронската аукција и не смеат да ја користат за спречување, ограничување или нарушување на конкуренцијата или за промена на предметот на договорот во однос на предметот што е наведен во известувањето за договор и дефиниран во спецификацијата.

Член 55

Невообичаено ниски понуди

1. Доколку за даден договор понудите се чинат невообичаено ниски во врска со стоките, работите или услугите, договорниот субјект, пред да може да ги одбие тие понуди, бара во писмена форма детали за составните елементи на понудата кои ги смета за релевантни.

Овие детали особено може да се во врска со следново:

(а) економијата на градежниот метод, производствениот процес или обезбедените услуги;

(б) избраните технички решенија и/или исклучително поволните услови што му се достапни на понудувачот за извршување на договорот, обезбедување на услугите или доставување на стоките;

(в) оригиналноста на работите, стоките или услугите предложени од понудувачот;

(г) усогласеноста со одредбите за заштита на работници и услови за работа што се во сила на местото каде што ќе се изршува работата, услугата или прометот на стоки;

(д) можноста на понудувачот да добие државна помош.

2. Договорниот орган ги верификува овие составни елементи преку консултации со понудувачот и земајќи ги предвид доставените докази.

3. Кога договорнот орган ќе утврди дека понудата е невообичаено ниска, бидејќи понудувачот користи државна помош, понудата може да се одбие единствено врз таа основа само по консултација со понудувачот и кога понудувачот не може да докаже, во разумен рок поставен од

договорниот орган, дека законски му е доделена помошта за која станува збор. Кога договорниот орган ќе ја одбие понудата во ваков случај, тој ја известува Комисијата.

НАСЛОВ III

ПРАВИЛА ЗА КОНЦЕСИИ ЗА ЈАВНИ РАБОТИ

ПОГЛАВЈЕ I

Правила за концесии за јавни работи

Член 56

Опфат

Ова поглавје се применува на сите договори за концесија за јавни работи склучени од договорни органи во кои вредноста на договорите е еднаква или поголема од 6.242.000 евра.

Вредноста се пресметува во согласност со правилата што се применуваат на јавните договорите за работи дефинирани во член 9.

Член 57

Исклучоци од опфатот

Овој наслов не се применува на концесии за јавни работи што се доделени:

(а) во случаите наведени во членовите 13, 14 и 15 од оваа директива во врска со договори за јавни работи;

(б) од договорни органи што извршуваат една или повеќе активности наведени во членовите од 3 до 7 во Директива 2004/17/ЕЗ кога тие концесии се доделени за извршување на овие активности.

Меѓутоа, оваа директива и понатаму се применува на концесиите за јавни работи доделени од догворни органи кои извршуваат една или повеќе од активностите наведени во член 6 од Директива 2004/17/ЕЗ и доделени за тие актвности, до степен до кој земјата-членка за која станува збор ја искористи опцијата наведена во вториот потстав од член 71 од претходно наведената директива за да се одложи нејзината примена.

Член 58

Известување за концесии за јавни работи

1. Договорните органи кои сакаат да доделат договор за концесија за јавни работи ја објавуваат својата намера во известување.

2. Соопштенијата за концесии за јавни работи ги содржат информациите наведени во Анекс VII B, и кога е соодветно, сите други информации за кои договорниот орган смета дека се корисни, во согласност со стандардните форми прифатени од Комисијата согласно со постапката во член 77(2).

3. Известувањето се објавува во согласност со член 36 од став (2) до став (8).

4. Член 37 за објавување известувања, исто така, се применува на концесии за јавни работи.

Член 59

Временски рок

Кога договорните органи ќе одлучат да доделат концесија за јавни работи, временскиот рок за презентација на апликациите за концесија не е пократок од 52 дена од датумот на објавување на известувањето, освен во случаите кога се применува член 38(5).

Се применува член 38(7).

Член 60

Подизведувачи

Договорниот орган може:

(а) да побара од концесионерот да додели договори во износ од 30% од вкупната вредност на работите за кои е доделен договорот за концесија на трети страни, исторвемено обезбедувајќи опција за кандидатите да го зголемат овој минимален процент што е однапред специфициран во договорот за концесија, или

(б) да побара од кандидатите за договори за концесија во своите понуди, доколку е соодветно, да го наведат процентот од вкупната вредност на работата за која се доделува договорот за концесија што планираат да го доделат на трети страни.

Член 61

Доделување дополнителни работи на концесионерот

Оваа директива не се применува на дополнителни работи што не се опфатени во проектот за концесија што првично се разгледува или во првичниот договор, меѓутоа поради непредвидливи околности, таквите работи станале неопходни за извршување на работата опишана во договорот што договорниот орган му го доделил на концесионерот, под услов договорот да се додели на економскиот оператор што ја извршува таквата работа:

- кога таквите дополнителни работи не можат да бидат технички или економски одделени од главниот договор без големи проблеми за договорните субјекти, или

- кога таквите работи, кои иако може да се одделат од извршувањето на првичниот договор, се строго неопходни за неговото завршување.

Сепак, агрегатната вредност на договорите доделени за дополнителни работи не смее да надмине 50% од износот на првичниот договор за концесија на работи.

ПОГЛАВЈЕ II

Правила за договори доделени од концесионери кои се договорни органи

Член 62

Применливи правила

Кога концесионерот е договорен орган како што е наведено во член 1(9), тој ги почитува одредбите пропишани во оваа директива за договори за јавни работи во случај со работи што треба да се извршат од трети страни.

ПОГЛАВЈЕ III

Правила што се применуваат за договори доделени од концесионери кои не се договорни органи

Член 63

Правила за рекламирање: прагови и исклучоци

1. Земјите-членки ги преземаат мерките потребни за да обезбедат дека концесионерите за јавни работи кои не се договорни органи ги применуваат правилата за рекламирање дефинирани во член 64 при доделување договори за јавни работи на трети страни кога вредноста на тавките договори е еднаква или повисока од 6.242.000 евра.

Меѓутоа, рекламирањето не е потребно кога договорот за рекламирање ги исполнува условите наведени во член 31.

Вредноста на договорите се пресметува во согласност со правилата што се применуваат на договорите за јавни работи дефинирани во член 9.

2. Група претпријатија што се формирани за да се добие концесија или претпријатија што се поврзани со нив не се сметаат за трети страни.

Под „поврзано претпријатие“ се подразбира кое било претпријатие врз кое концесионерот има доминантно влијание, директно или индиректно, или кое било претпријатие што има доминантно влијание врз концесионерот или кое, како концесионерот, подлежи на доминантно влијание на друго претпријатие како резултат на сопственост, финансиски удел или правилата според кои се раководи. Доминантно влијание на дел од претпријатие се претпоставува кога тие органи, директно или индиректно, во врска со претпријатието:

(а) имаат мнозинство од запишаниот капитал на претпријатието;

(б) го контролираат мнозинството гласови на акциите издадени од претпријатието; или

(в) можат да назначат повеќе од половината од членовите на административното, управното или супервизорското тело на претпријатието.

Исцрпна листа на такви претпријатија се наведува во апликацијата за концесија. Оваа листа се ажурира по какви било последователни измени во врската меѓу претпријатијата.

Член 64

Објавување на известувањето

1. Концесионерите за работи кои не се договорни органи и кои сакаат да доделат договор за работи на трети страни ја објавуваат својата намера во известување.

2. Изестувањата ги содржат информациите наведени во Анекс VII B, и кога е соодветно, сите други информации за кои концесионерот смета дека се корисни, во согласност со стандардните форми прифатени од Комисијата согласно со постапката во член 77(2).

3. Известувањето се објавува согласно член 36 од став (2) до став (8).

4. Исто така, се применува член 37 за доброволно објавување известувања.

Член 65

Временски рок за прием на барања за учество и прием на понуди

Во договори за работи доделени од концесиноер кој не е договорен орган, временскиот рок за прием на барања за учество, утврден од концесионерот, не е пократок од 37 дена од датумот на кој било објавено известувањето, а временскиот рок за прием на понуди не е пократок од 40 дена од датумот на кој било објавено известувањето за договор или поканата за учество на тендер.

Се применува член 38(5), (6) и (7).

НАСЛОВ IV

ПРАВИЛА ЗА КОНКУРСИ ЗА ИДЕЈНИ РЕШЕНИЈА

Член 66

Општи одредби

1. Правилата за организација на конкурс за идејно решение се во согласност со членовите од 66 до 74 и им се соопштуваат на оние што се заинтересирани за учество во конкурсот.

2. Приемот на учесници во конкурсите за идејни решенија нема да биде ограничуван:

(а) со посочување на територијата или дел од територијата на земја-членка;

(б) врз основа на тоа дека, според законот на земјата-членка во која се организира конкурсот, тие би морале да бидат или физички или правни лица.

Член 67

Опфат

1. Во согласност со овој наслов, конкурси за идејни решенија организираат:

(а) договорни органи кои се на листата на орган на централната власт во Анекс IV, започнувајќи од праг еднаков или повисок од 162.000 евра;

(б) договорни органи кои не се на листата во Анекс IV, започнувајќи од праг еднаков или повисок од 249.000 евра.

(в) сите договорни органи, започнувајќи од праг еднаков или повисок од 249.000 евра кога конкурсите се за услуги во категоријата 8 во Анекс II А, категорија 5 телекомуникациски услуги, чии позиции во ЦПВ се еднакви на референтните броеви во ЦПЦ 7524, 7525 и 7526 и/или услуги наведени во Анекс II Б.

2. Овој наслов се применува за:

(а) конкурси за идејни решенија организирани како дел од постапката која води кон доделување јавен договор за услуги;

(б) конкурси за идејни решенија со награди и/или плаќање за учесниците.

Во случаите наведени во (а), прагот се однесува на проценетата вредност без ДДВ на договорот за јавни работи, вклучувајќи ги сите награди и/или плаќања на учесниците.

Во случаите наведени во (б), прагот се однесува на вкупната вредност на наградите и/или плаќањата на учесниците, вклучувајќи ја проценетата вредност без ДДВ на договорот за јавни работи што може последователно да се склучи согласно со член 31(3) доколку договорниот орган не го исклучи таквото доделување договор во известувањето за конкурс.

Член 68

Исклучоци од опфатот

Овој наслов не се применува за:

(а) конкурси за идејни решенија во рамките на значењето на Директива 2004/17/ЕЗ што ги организираат договорни органи кои вршат една или повеќе активности наведени во членовите од 3 до 7 од таа директива и се организираат за извршување на таквите активности; исто така, не се применува и на конкурси кои не се опфатени со оваа директива.

Меѓутоа, оваа директива и понатаму се применува на конкурси за идејни решенија доделени од договорни органи кои извршуваат една или повеќе од активностите наведени во член 6 од Директива 2004/17/ЕЗ и доделени за тие актвности до степен до кој земјата-членка за која станува збор ја искористи опцијата наведена во вториот потстав од член 71 од претходно наведената директива за да се одложи нејзината примена;

(б) конкурси за идејни решенија организирани во исти случаи како оние наведени во членовите 13, 14 и 15 од оваа директива за договори за јавни услуги.

Член 69

Известувања

1. Договорните органи кои сакаат да организираат конкурс за идејно решение ја објавуваат својата намера во известување за конкурс.

2. Договорните органи кои одржале конкурс за идејно решение известуваат за резултатите од конкурсот во согласност со член 36 и мора да бидат во можност да го докажат датумот на испраќање на известувањето.

Кога откривањето информации за резултатот од конкурсот го попречува спроведувањето на законот, спротивно е на јавниот интерес, му нанесува штета на комерцијалниот интерес на одредено претпријатие, јавно или приватно, или може да ја наруши лојалната конкуренција меѓу вршителите на услуги, таквите информации не се откриваат.

3. Член 37 за објавување известувања, исто така, се применува и на конкурси.

Член 70

Форма и начин на известување за конкурси

1. Известувањата од член 69 ги содржат информациите наведени во Анекс VII Г во согласност со стандардните модели прифатени од Комисијата согласно со постапката во член 77(2).

2. Известувањето се објавува во согласност со член 36 од став (2) до став (8).

Член 71

Начин на комуникација

1. Член 42(1), (2) и (4) се применува на сите видови комуникација во врска со конкурси.

2. Со комуникацијата, размената и чувањето информации се обезбедува дека се зачувува интегритетот и доверливоста на сите информации пренесени од учесниците во конкурсот и дека жири-комисијата ја дознава содржината на плановите и проектите само по истекот на временскоит рок за нивно поднесување.

3. Следниве правила се применуваат на средствата за електронски прием на планови и проекти:

(а) информациите за спецификации што се потребни за презентација на планови и проекти преку електронски средства, вклучувајќи енкрипција, се достапни на соодветните страни. Покрај тоа, додавањето електронски прием на планови и проекти е во согласност со условите од Анекс X;

(б) земјите-членки може да воведат или одржуваат доброволни аранжмани за акредитација наменети за подобрување на нивото на услугите на сертификација што се обезбедуваат за такви средства.

Член 72

Избор на натпреварувачи

Кога конкурсите за идејни решенија се ограничени на одреден број учесници, органите кои ги склучуваат договорите пропишуваат јасни и недискриминаторски критериуми за селекција. Во секој случај, бројот на кандидати повикани да учествуваат е доволен за да се обезбеди вистинска конкуренција.

Член 73

Состав на жири-комисијата

Жирито се состои само од физички лица, независни од учесниците на конкурсот. Онаму каде што се бара конкретна професионална квалификација од учесниците на конкурсот, барем една третина од неговите членови мора да ја имаат истата квалификација или еквивалентна на неа.

Член 74

Одлука на жири-комисијата

1. Жирито е независно во своите одлуки или мислења.

2. Жири-комисијата ги разгледува плановите и проектите поднесени од кандидатите анонимно и единствено врз основа на критериумите наведени во известувањето за конкурс.

3. Таа ги евидентира оцените за проектите во извештај што го потпишуваат нејзините членови и се подготвува врз основа на вредноста на секој проект, а содржи и забелешки и точки за кои можеби е потребно дообјаснување.

4. Анонимноста мора да се почитува сè додека жири-комисијата не донесе мислење или одлука.

5. Доколку има потреба, кандидатите може да се повикаат да ги одговорат прашањата што ги евидентирала жири-комисијата во записникот за да се разјаснат кои било аспекти на проектите.

6. Комплетниот записник се подготвува со дијалог меѓу членовите на жири-комисијата и кандидатите.

НАСЛОВ V

СТАТИСТИЧКИ ОБВРСКИ, ИЗВРШНИ ОВЛАСТУВАЊА И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Член 75

Статистички обврски

Со цел да се овозможи процена на резултатите од примената на оваа директива, земјите-членки поднесуваат до Комисијата статистички извештај, подготвен во согласност со член 76, во кој одделно се третираат договорите за јавни работи, стоки и услуги доделени од договорните органи во текот на претходната година, најдоцна до 31 октомври секоја година.

Член 76

Содржина на статистичкиот извештај

1. За секој договорен орган наведен во Анекс IV, статистичкиот извештај содржи детали барем за следново:

(а) бројот и вредноста на доделените договори опфатени со оваа директива;

(б) бројот и вкупната вредност на договорите доделени согласно со дерогација од Договорот.

До највисок можен степен, податоците наведени во точка (а) од првиот потстав се расчленуваат на:

(а) постапките користени за доделување договори; и

(б) за секоја од овие постапки, работите како што се наведени во Анекс I и производите и услугите како што се наведени во Анекс II идентификувани според категорија на ЦПВ-номенклатура;

(в) националноста на економскиот оператор на кој му е доделен договорот.

Кога договорите се склучени согласно со постапката за непосредно спогодување, податоците наведени во точка (а) од првиот потстав, исто така, се расчленуваат согласно со околностите

наведени во членовите 30 и 31 и ги специфицираат бројот и вредноста на доделените договори, по успешен изведувач од земја-членка или од трета земја.

2. За секоја категорија договорен орган што не е наведена во Анекс IV, статистичкиот извештај содржи детали барем за следново:

(а) бројот и вредноста на доделените договори, расчленети во согласност со вториот потстав од став 1;

(б) вкупната вредност на договорите доделени согласно со дерогација од Договорот.

3. Во статистичкиот извештај се наведуваат сите други статистички информации кое се потрбени според Договорот.

Информациите наведени во првиот потстав се утврдуваат согласно со постапката од член 77(2).

Член 77

Советодавен комитет

1. На комисијата ќе и' помага Советодавниот комитет за јавни договори формиран според член 1 од Одлуката 71/306/ЕЕЗ[6] (во понатамошниот текст „Комитет").

2. Онаму каде што се посочува на овој став, се применуваат членовите 3 и 7 од Одлуката 1999/468/ЕЗ, во согласност со член 8 од неа.

3. Комитетот донесува сопствен правилник.

Член 78

Ревидирање на праговите

1. Комисијата ги потврдува праговите поставени во член 7 секоја втора година по влегувањето во сила на оваа директива и, доколку е потребно, ги ревидира во согласност со постапката утврдена во член 77(2).

Пресметувањето на вредноста на овие прагови се базира на просечните дневни вредности на еврото изразени во специјални права на влечење во текот на 24 месеци, со завршување на последниот ден од август пред ревизијата со влегување во сила од 1 јануари. Така ревидираната вредност на праговите, кога е потребно, се заокружува на најблиската илјада евра со цел да се обезбеди дека се почитуваат праговите на сила пропишани во Договорот, изразени во специјални права на влечење.

2. Во исто време со ревизијата од став 1, согласно со постапката од член 77(2), Комисијата ќе ги усогласи:

(а) праговите поставени во (а) од првиот потстав од член 8, во член 56 и во првиот потстав од член 63(1) за ревидиран праг што се применува на договори за јавни работи;

(б) праговите поставени во (б) од првиот потстав од член 8 и во член 67(1)(а) за ревидиран праг што се применува за договори за јавни услуги склучени од договорните органи наведени во Анекс IV;

(в) прагот поставен во член 67(1)(б) и (в) за ревидиран праг што се применува на договори за јавни услуги доделени од договорни органи што не се опфатени во Анекс IV.

3. Вредноста на праговите поставени согласно со став 1 во националните валути на земјите-членки кои не се членки на монетарната унија вообичаено се приспособува на секои две години од 1 јануари 2004 година, па натаму. Пресметувањето на таквата вредност се базира на просечните дневни вредности на тие валути изразени во евра во текот на 24 месеци, со завршување на последниот ден од август пред ревизијата со влегување во сила од 1 јануари.

[6] Сл. весник L 185, 16.8.1971 год., стр 15. Одлука изменета со Одлука 77/63/ЕЕЗ (Сл. весник L 13, 15.1.1977 год., стр. 15)

4. Комисијата ги објавува ревидираните прагови од став 1 и нивните кореспондентни вредности во националните валути од став 3 во Службениот весник на Европската унија во почетокот на ноември по нивното ревидирање.

Член 79

Измени и дополнувања

1. Во согласност со постапката од член 77(2), Комисијата може да го измени следново:

(а) техничките постапки за методите за пресметка поставени во вториот потстав од член 78(1) и во член 78(3);

(б) постапките за подготовка, пренос, прием, превод, собирање и дистрибуција на известувањата од член 35, 58, 64 и 69 и статистичките извештаи пропишани во четвртиот потстав од член 35(4) и во членовите 75 и 76;

(в) постапките за конкретно повикување на специфични позиции во ЦПВ-номенклатурата во известувањата;

(г) листата на тела и категории на тела управувани со јавното право во Анекс III кога, врз основа на известувањата од земјите-членки, измените се неопходни;

(д) листите на органи на централната власт во Анекс IV, следејќи ги приспособувањата потребни за да се ефектуира Договорот.

(ѓ) референтните броеви во номенклатурата поставена во Анекс I, до степен до кој со тоа не се измени материјалниот опфат на оваа директива и постапките за повикување одредени позиции во оваа номенклатура во известувањата;

(е) референтните броеви во номенклатурата поставена во Анекс II, до степен до кој не се измени со тоа материјалниот опфат на оваа директива и постапките за повикување одредени позиции во оваа номенклатура во рамки на категориите на услуги наведени во анексот;

(ж) постапките за испраќање и објавување податоци наведени во Анекс VIII, врз основа на техничкиот напредок или поради административни причини;

(з) техничките детали и карактеристики на средствата за електронски прием наведени во точките (а), (ѓ) и (е) од Анекс X.

Член 80

Спроведување

1. Земјите-членки ги спроведуваат потребните закони, регулативи и административни одредби потребни за усогласување со оваа оваа директива најдоцна до 31 јануари 2006 година и веднаш ја информираат Комисијата за нив.

Кога земјите-членки ги донесуваат овие мерки, тие во себе содржат упатување кон оваа директива или се придружени со такво упатување при нивното официјално објавувањеЗемјите-членки го утврдуваат начинот како ќе биде изработено тоа упатување.

2. Земјите-членки ја известуваат Комисијата за текстовите на главните одредби од националното право кои тие ги донесуваат на полето опфатено со оваа директива.

Член 81

Механизми за набљудување

Во согласност со Директива 89/665/ЕЕЗ на Советот од 21 декември 1989 година за координација на законите, регулативите и административните одредби за примена на постапките за ревидирање

на договорите за јавни услуги и јавни работи[7], земјите-членки овозможуваат спроведување на оваа директива преку ефективни, достапни и транспарентни механизми.

За таа цел, меѓу другото, може да назначат или формираат независно тело.

Член 82

Укинување

Директива 92/50/ЕЕЗ, освен член 41 од неа, и директивите 93/36/ЕЕЗ и 93/37/ЕЕЗ се укинуваат на датумот од член 80, без да е во спротивност со примената на обврските на земјите-членки за временските рокови за транспозиција и примена поставени во Анекс XI.

Повикувањата на укинатите директиви се сметаат како повикување на оваа директива и се толкуваат во согласност со кореспондентната табела од Анекс XII.

Член 83

Влегување во сила

Оваа регулатива влегува во сила на денот на нејзиното објавување во Службен весник на Европската унија.

Член 84

Адресати

Оваа директива се однесува на земјите-членки.

Стразбур, 31.3.2004 год.

За Европскиот парламент	*За Советот*
Претседател	*Претседател*
П. Кокс	*Д. Роше*

[7] Сл. весник L 395, 30.12. 1989 год., стр. 33. Директива последно изменета со Директива 92/50/ЕЕЗ

АНЕКС I

ЛИСТА НА АКТИВНОСТИ НАВЕДЕНИ ВО ЧЛЕН (2), ТОЧКА (б) ([1])

НАЦЕ (1)

ЦПВ-шифра			ДЕЛ Ф		ГРАДЕЖНИШТВО
Оддел	Група	Класа	Предмет	Забелешки	
45			Градежништво	Овој оддел вклучува: изградба на нови згради и работи, реконструкција на објекти и вообичаени поправки	45000000
	45.1		Подготовка на локацијата		45100000
		45.11	Уривање згради, поместување земјиште	Оваа класа вклучува: — уривање згради и други структури — расчистување градежни локации — поместување земјиште: ископување, пополнување, порамнување на нивоа на земјиште и класифицирање на градежните локации, копање ровови, отстранување карпи, минирање, итн. — подготовка на терен за минирање — подготовка на локации со минерални богатства Оваа класа, исто така, вклучува и: — одводнување на теренот на градежни локации— одводнување на земјоделско и шумско земјиште	45110000
		45.12	Пробно дупчење и пробивање	Оваа класа вклучува: — пробно дупчење, пробно пробивање и земање примерок од почвата за градежни, геофизички, геолошки и слични цели Оваа класа исклучува: — дупчење бунари за нафта и гас, види 11.20 — дупчење бунари за вода, види 45.25 - вметнување прстени, види 45.25 — истражување нафтени и гасни полиња, геофизички, геолошки и сеизмички премери, види 74.20	45120000
	45.2		Изградба на комплетни конструкции или делови од нив, градежништво		45200000

([1]) Во случај на разлика во толкувањето меѓу ЦПВ и НАЦЕ, се применува НАЦЕ-номенклатурата.

ЦПВ-шифра			ДЕЛ Ф		ГРАДЕЖНИШТВО
Оддел	Група	Класа	Предмет	Забелешки	

		45.21	Општа изградба на згради и градежни работи	Оваа класа вклучува: изградба на сите видови згради изградба на градежни конструкции: мостови, вклучувајќи и мостови за надвозници, виjадукти, тунели и подземни железници цевководи, далноводи и телефонски водови, комуникациски линии урбани цевководи, урбани далноводи и комуникациски линии; дополнителни урбани работи монтажа и подигнување на префабрикувани конструкции на локацијата Оваа класа исклучува: Услужни активности поврзани за екстракција на нафта и гас, види 11.20 Подигнување на префабрикувани конструкции од префабрикувани небетонски делови, види оддел 20, 26 и 28 Градежни работи, освен згради, за стадиони, базени, спортски сали, тениски игралишта, голф-терени и други спортски инсталации, види 45.23 Инсталација на згради, види 45.3 Завршување на згради, види 45.4 Архитектонски и инженерски активности, види 74.20	45210000
		45.22	Ставање покриви и рамки	Оваа класа вклучува: подигнување конструкции на покриви и покриви и изолација	45220000
		45.23	Изградба на автопати, патишта, аеродромски писти и спортски објекти	Оваа класа вклучува: изградба на автопатишта, улици, патишта, други возни и пешачки патеки изградба на железнички конструкции и авионски писти градежни работи, покрај згради, за стадиони, базени, гимнастички сали, тениски игралишта, терени за голф и други спортски инсталации бојосување на ознаки на површината на патот и на паркинзите Оваа класа исклучува: прелиминарно поместување на земјиштето, види 45.11	45230000

ЦПВ-шифра			ДЕЛ Ф		ГРАДЕЖНИШТВО
Оддел	Група	Класа	Предмет	Забелешки	
		45.24	Изградба на проекти за вода	Оваа класа вклучува изградба на следново: водени патишта, пристанишни и речни работи, пристаништа (марини), системи за заклучување итн. брани и насипи при кои се врши површинско ископување	45240000
		45.25	Други градежни работи што вклучуваат конкретни занаети	Оваа класа вклучува: градежни активности што се специјализирани за еден аспект што е заеднички за различни видови структури и кои бараат специјализирани квалификации или опрема: изградба на темели, вклучувајќи набивање на земјиштето дупчење и изградба на бунари за вода, вметнување прстени, подигнување челични елементи што не се самостојно произведени свиткување челик, редење тули и камења подигнување и демонтирање скелиња и работни платформи, вклучувајќи најмување скелиња и работни платформи подигнување оџаци и индустриски печки. Оваа класа вклучува: најмување скелиња без подигнување и расклопување, види 71.32	45250000
	45.3		Инсталации во згради		45300000
		45.31	Инсталација на електрични кабли и елементи	Оваа класа вклучува: инсталација во згради или други градежни проекти на: електрични водови и приклучоци, телекомуникациски системи, електрични системи за греење, станбени антени, противпожарни аларми, аларми против кражби, лифтови и ескалатори, громобрани итн.	45310000

ЦПВ-шифра			ДЕЛ Ф		ГРАДЕЖНИШТВО
Оддел	Група	Класа	Предмет	Забелешки	
		45.32	Изолациски работи	Оваа класа вклучува: инсталација на термичка, звучна и вибрациска изолација во згради или други градежни проекти: Оваа класа исклучува: поставување системи за водоотпорност, види 45.22	45320000
		45.33	Водоводна инсталација	Оваа класа вклучува: инсталација во згради или други градежни проекти на: приклучоци за гас на водоводна и санитарна опрема опрема и цевки за греење, вентилација, ладење или климатизирање системи за прскање. Оваа класа исклучува: инсталација на електрични системи за греење, види 45.31	45330000
		45.34	Други инсталации во згради	Оваа класа вклучува: инсталација на системи за осветлување и сигнализација за патишта, пруги, аеродроми и пристаништа инсталација во згради или други градежни проекти за приклучоци и уреди кои не се посебно наведени:	45340000
	АСА		Завршување на изградбата		45400000
		45.41	Малтерисување	Оваа класа вклучува: нанесување внатрешен и надворешен малтер или гипс во згради или во други градежни проекти, вклучувајќи поврзани стругарски материјали	45410000
		45.42	Инсталација на столарија	Оваа класа вклучува: инсталација на врати, прозорци, рамки за врати и прозорци, монтирани кујни, скалила, приклучоци и слично, од дрво и други материјали довршување на интериери, како што се тавани, дрвени sидни облоги, мобилни прегради итн. Оваа класа исклучува: поставување паркети и други дрвени подни облоги, види 45.43	45420000

НАЦЕ (1)

ЦПВ-шифра			ДЕЛ Ф		ГРАДЕЖНИШТВО
Оддел	Група	Класа	Предмет	Забелешки	
		45.43	Подни и sидни облоги	Оваа класа вклучува: поставување, поплочување, закачување или вклопување на следново во згради или други градежни проекти: керамички, бетонски sидни или подни плочки, или sидни и подни плочки од режан камен паркет и други дрвени подни облоги, теписи и подни облоги од линолеум, вклучувајќи од гума или пластика подни или sидни облоги од терацо, мермер, гранит или чакал,	45430000
		45.44	Бојосување и застаклување	Оваа класа вклучува: внатрешно и надворешно бојосување згради, бојосување градежни структури, поставување стакла, огледала итн. Оваа класа исклучува: поставување прозорци, види 45.42	45440000
		45.45	Друго довршување на зграда	Оваа класа вклучува: поставување приватни базени, чистење со пареа, чистење со песочен млаз и слични активности за екстериери друго довршување на зграда и завршни работи кои не се посебно наведени Оваа класа исклучува: внатрешно чистење на згради и други објекти, види 74.70	45450000
	45.5		Најмување градежна опрема или опрема за уривање со оператор		45500000
		45.50	Најмување градежна опрема или опрема за уривање со оператор	Оваа класа исклучува: најмување градежни машини или машини за уривање и опрема без оператори, види 71.32	

([1]) Регулатива на Советот (ЕЕЗ) број 3037/90 од 9 октомври 1990 година за статистичка класификација на економските активности во Европската заедница (Сл. весник L 293, 24.10.1990 ГОД., стр. 1), регулатива како што е последен пат изменета со Регулатива на Комисијата (ЕЕЗ) бр. 761/93 (Сл. весник L 83, 3.4.1993 год., стр. 1)

АНЕКС *II*

